# Во(н) фокусот на медиумите: Демократски институции, владеење на правото и реформи во јавната администрација

Извештај од мониторинг на медиумите за темите „демократски институции“, „владеење на правото“ и „реформа на јавна администрација“

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS

iM@

# ВО(Н) ФОКУСОТ НА МЕДИУМИТЕ: ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУЦИИ, ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И РЕФОРМИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

*Извештај од мониторинг на медиумите за темите „демократски институции“, „владеење на правото“ и „реформа на јавна администрација“*

ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ

iM@

**Публикација:**
**Во(н) фокусот на медиумите: Демократски институции, владеење на правото и реформи во јавната администрација - Извештај од мониторинг на медиумите за темите „демократски институции“, „владеење на правото“ и „реформа на јавна администрација“**

*Публикацијата е дел од активностите на проектот „Преку деполаризација до демократски, стабилни и вклучувачки институции: Придонес на граѓанското општество“, поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас*

**Издавач:** Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје

**Уредници:** Петрит Сарачини, претседател на ИМА
Жарко Трајаноски, раководител на истражувања во ИМА

**Автор:** Жарко Трајаноски

**Мониторинг на медиумски содржини:**
Жарко Трајаноски
Петрит Сарачини
Меритон Туша

**Дизајн:** Јане Стефанов

**Печати:** Печатница Дуле 99 Стил

**Тираж:** 200 примероци

Скопје, октомври 2023

*Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за медиуми и аналитика ИМА и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.*

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

CIVICA MOBILITAS

# СОДРЖИНА

**1.Општествено-политички контекст и методолошка рамка ....................5**

1.1. Општествен и политички контекст ................................................ 5

1.2 Методолошка рамка на медиумскиот мониторинг ......................... 7

**2. „Демократски институции“ во медиумите ..........................................9**

2.1. Демократските институции вон фокусот пред започнување на преговорите со ЕУ.................................................... 9

2.2. Демократските институции по започнување на преговорите со ЕУ.......................................................................... 10

**3. Мониторинг за „владеење на правото“ и борбата против корупцијата.......................................................................................13**

3.1.Владеењето на правото во контекст на скрининг процесот ........... 13

3.2. Медиумско покривање на „Патоказот за владеењето на правото“ ........................................................................................ 14

3.3. „Владеењето на правото“ во контекст на донесување на закони.. 15

3.4. Владеењето на правото во контекст на борбата против корупцијата ..................................................................................... 16

3.5. Владеењето на правото во контекст на правосудството и реформите ......................................................................................... 17

**4. Медиумска анализа на клучните настани и процеси поврзани со темата „реформа на јавната администрација“ .......................................19**

4.1. Обиди за актуелизирање на темата „реформи во јавна администрација“.............................................................. 20

4.2. Реформата на јавната администрација, скрининг процесот, и преговорите со ЕУ ......................................................... 21

4.3. Реформата на јавната администрација и законските измени во медиумите ........ 23
4.4. Јавната администрација и дигитализацијата во медиумите .......... 23

**5. Заклучоци и препораки ........ 25**
Препораки до медиумите ........ 26
Препораки до државните функционери, политичарите и другите јавни комуникатори ........ 27

**Референци ........ 29**

# 1.Општествено-политички контекст и методолошка рамка

## 1.1. Општествен и политички контекст

Република Северна Македонија е длабоко поларизирано општество, меѓу другото, затоа што поларизацијата се користи и како средство за политичко владеење[1] и за политичка мобилизација. Иако поларизацијата е еден од поголемите проблеми во земјата, таа честопати не се препознава како посебен проблем.[2] Поларизацијата на општеството не е предизвикана само од тензиите помеѓу политичките елити, вклучително и во Собранието, проблем на кој постојано посочува ЕУ[3] и нејзините претставници.[4]

Во 2022-2023 година, политичката поларизација во Собранието беше нагласена во врска со „францускиот предлог",[5] преговарачката рамка на ЕУ и уставните измени, но и во врска со предложените измени во Законот за амнестија[6] и други закони и одлуки.

Општествената поларизација е предизвикана и од етно-националистички,[7] здравствени,[8] анти-родови и религиозни фактори,[9] социјални фактори, итн. Општествена поларизација, особено на социјалните мрежи, предизвикува и воената агресија на Русија врз Украина, конфликтите во Косово, како и воениот конфликт во Израел во последно време.

Поларизација е детектирана и помеѓу локалните власти и централната власт,[10] како и помеѓу граѓаните и институциите на државата.[11] На пример, Институтот за општествени и хуманистички науки детектираше напредок на план на деполаризација во односите помеѓу политичките елити од 2017 до крајот на 2020 година, но констатираше и „продлабочена поларизација помеѓу граѓаните и институциите на државата".[12] Во 2022-23 година, поларизацијата помеѓу граѓаните и институциите на државата беше продлабочена во врска со здравствени и социјални проблеми поврзани со инфлацијата, како и во врска со административни проблеми (издавање лични документи)[13] и спроведувањето на правдата.

И започнувањето на преговорите со ЕУ беше проследено со нов бран на општествена поларизација, по прифаќањето на т.н. „францускиот предлог“.[14] Иако ЕУ на 19 јули 2022 година „ја започна воведната фаза од пристапните преговори со Северна Македонија“ (еден ден откако Советот[15] ја одобри Преговарачката рамка),[16] во јавноста се ширеа дезинформации од најразлични извори дека преговорите со ЕУ (а и скринингот) воопшто не започнале,[17] и дека „преговорите ќе почнат ако се смени уставот“.[18] „Францускиот предлог“ предизвика плима од дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор во медиумите и јавните комуникации, што негативно влијаеше на јавната дебата, која беше поларизирана и обременета со говор кој поттикнува омраза, нетрпеливост, напати и насилство.[19] Освен опозицијата, против „францускиот предлог“ се изјаснија и организации од граѓанското општество, кои исто кренаа транспаренти „НЕ за [оваа] ЕУ“ и „НЕ за ЕУ што сака да нè бугаризира“.[20]

Негативните реакции во јавноста за т.н. „француски предлог“, како и за уставните измени, вклучително и оние од страна на здруженијата на граѓани,[21] придонесоа за натамошна поларизација на општеството, која и претходно беше висока, создадена од ветото на Бугарија и билатералните преговори поврзани со предлогот.[22] И според истражувањето на Институтот за општествени и хуманистички науки, „перцепцијата на најголемиот дел од истакнатите организации на граѓанското општество е дека постои сеопшта поларизација во земјата, и дека тоа е предизвик со кој мора да се соочиме и да го надминеме.“ Дел од граѓанското општество ја гледа ЕУ како главен виновник за намалената кредибилност на процесот и за сеопштата поларизација во општеството, а мнозинството граѓански организации сржта на поларизацијата ја гледаат во одолговлекувањето во недоглед на евроинтеграцискиот процес.[23]

Ваквата состојба налагаше иницирање на брз процес на деполаризација, по пат на методите на разрешување културен конфликт и помирување, како предуслов за каква било рационална расправа во однос на преговорите со ЕУ, но и за повторно градење доверба во идејата на обединета Европа и европските вредности.[24]

Во ваков општествено политички контекст беше инициран проектот „Преку деполаризација до демократски, стабилни и вклучувачки институции: придонес на граѓанското општество“, од страна на ИОХН Скопје (со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка во рамки на програмата Цивика Мобилитас) и во соработка со партнерите: Институт за медиуми и аналитика, Балкански Институт за Регионална Соработка и Живот со предизвици. Главната цел на проектот е критички и информиран дијалог, мониторинг, анализа и застапување политики кои ќе придонесат кон јакнење на капацитетите на извршната власт за градење демократски и инклузивни институции.[25]

## 1.2 Методолошка рамка на медиумскиот мониторинг

Во рамки на проектот, Институтот за медиуми и аналитика ИМА спроведе мониторинг на медиуми на темите „демократски институции“, „владеење на правото“ и „реформа на јавна администрација“.

Временската рамка на мониторингот на медиуми го опфаќа периодот пред и по започнувањето на преговорите со ЕУ во јули 2022 година. Првиот период опфаќа медиумски содржини објавени до јули 2022 година, додека вториот период од јули 2022 сѐ до средината на октомври 2023 година.

Медиумскиот мониторинг ги зема предвид главните медиумски настани и „кластери“ на вести[26] на веб-страниците за агрегирање на медиумски содржини, односно вести што генерирале објави од поголем број медиуми (портали, вклучувајќи ги и веб страниците на традиционалните медиуми), а во кои се појавуваат изразите „демократски институции“, „владеење на правото“, „реформа на јавната администрација“, но и поттемите „интерсекторски политики“, „децентрализација“, „дигитализација“ итн., кои се поврзуваат со главните теми на медиумскиот мониторинг.

Цел на овој извештај од медиумскиот мониторинг на ИМА е да направи квалитативно оценување на присутноста во медиумите на темите опфатени со истражувањето од аспект на нивната видливост и влијание, како и анализа на наративите што доминираат во медиумските објави што се дел од „кластерите“ објавени на веб-страниците за агрегирање на медиумски содржини. Освен тоа, медиумскиот мониторинг се фокусира и на медиумските содржини поврзани со темите на истражување, коишто предизвикуваат поларизација во општеството и јавноста.

## 2. „Демократски институции“ во медиумите

Институтот за медиуми и аналитика ИМА изврши мониторинг на медиумите фокусиран на периодот 2022-2023 година, за да се увиди како избраните функционери, државните службеници, политичките субјекти, експертите од граѓанското општество, јавните интелектуалци и медиумите, го употребуваат изразот „демократски(те) институции“ и другите клучни изрази поврзани со темелните права.

### 2.1. Демократските институции вон фокусот пред започнување на преговорите со ЕУ

Од објавувањето на новата методологија за проширување од страна на ЕУ[27] во почетокот на февруари 2020 година,[28] до формалното започнување на преговорите со Северна Македонија на 19.06.2022, изразот „демократски(те) институции“ не беше во фокусот на јавната дебата.

Изразот „демократски институции“ се спомнуваше во политички изјави во контекст на пандемијата[29] и во контекст на Парламентарните избори 2020,[30] во контекст на Меѓународниот ден на демократијата,[31] во контекст на борбата против корупцијата[32], борбата против дезинформациите[33], хибридните напади[34] и штетните надворешни влијанија,[35] но како тема беше вон главниот фокус на медиумите, кога станува збор за доминантни политички теми. Доминантна медиумска тема во врска со евро-интеграциите беше ветото на Бугарија, која ги маргинализираше останатите теми – вклучително и темите „демократски институции“, „владеењето на правото“ и „реформата на јавната администрација“.

Демократските институции не беа во фокусот на медиумите ниту кога истражувачи[36] и експерти укажуваа на нагласена недоверба кон демократските институции,[37] ниту кога претседателот на државата, Стево Пендаровски празнично апелираше „да ја вратиме довербата на граѓаните

во државата преку јакнење на демократските институции и владеењето на правото“.[38] Демократските институции не беа во фокусот на медиумите ниту кога интелектуалци, политичари или други јавни актери критикуваа[39] и предупредуваа за нефункционалноста на институциите,[40] за нивната партизираност[41] и непрофесионалност,[42] за нивната корумпираност,[43] за застареноста на изборниот модел,[44] за нивната исклучивост кон граѓаните или младите,[45] за неквалитетната работа[46] на Собранието,[47] итн.

Најчесто „демократски(те) институции“ се спомнуваа во контекст на патоказите[48] предвидени со новата методологија за проширување на ЕУ,[49] поконкретно патоказот[50] за функционирањето на демократските институции.[51] Во контекст на методологијата на проширувањето и преговорите, демократските институции се спомнуваа во експертски извештаи,[52] како и на јавни дебати.[53] Иако областите „демократски институции“ и „јавна администрација“ се опишуваа како предизвик од страна на експертите, тие ретко пробиваа во агрегираните кластери на медиумски наслови.[54]

Изразот „демократски(те) институции“ беше споменуван и во политички изјави во контекст на членството во НАТО.[55] И лидерот на опозициската ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски ветуваше изградба на „одржливи демократски институции“ на конгрес на Европската народна партија пред отпочнувањето на преговорите на земјата со ЕУ.[56]

## 2.2. Демократските институции по започнување на преговорите со ЕУ

По формалното отпочнување на преговорите со ЕУ и скрининг процесот, забележлива е позачестена употреба на изразот „демократски институции“ во политичките изјави на највисоко ниво.

Изразот „демократски институции“, за разлика од 2022 година, се спомнува почесто во 2023 година, главно во контекст на скринингот (и извештајот за скринингот) и започнатите преговори со ЕУ („патоказите“).[57] Но, демократските институции како тема повторно не беа во фокусот на медиумите, кои беа главно преокупирани со т.н. „француски предлог“, „преговарачката рамка“ и идентитетски и историски прашања, како и со темата „уставни измени“.

Демократските институции најчесто се споменуваа во контекст на реформите,[58] скрининг процесот[59] и најавените три патокази.[60] Одржувањето на објаснувачкиот скрининг состанок (26.09.2022) за Функционирање на демократски институции (во медиумските наслови објаснувачкиот скрининг за кластерот „темели“) и завршувањето на билатералниот скрининг за кластерот Фундаментални вредности, со областа „Функционирање на демократски институции“ (07.12.2022),[61] не предизвикаа посебно медиумско внимание и отворање на јавна дебата на тема „демократски(те) институции“.

Демократските институции, владеењето на правото и реформите во јавната администрација како теми беа редовно медиумски поклопувани од темата „уставни измени“, идентитетски и историски прашања, главно во врска со односите со Бугарија.[62] На пример, од пораките на заменик - претседателот на Владата за европски прашања, Бојан Маричиќ за скринингот, во медиумите проби пораката дека „Бугарија нема посебни барања“,[63] а клучните изрази содржани во патоказите – „владеење на правото“, „реформа во јавната администрација“, и „функционирање на демократските институции“ – не пробија во медиумските наслови.[64] Пораката на Маричиќ дека „За Кластер 1, кој го завршивме пред нешто повеќе од месец дена, ќе барам скрининг Извештајот да биде доставен до нас во наредните 3 до 4 месеци“ беше пренесена само од неколку медиуми.[65] Дури ни изјавата на премиерот Ковачевски во врска со скрининг извештајот и патоказите,[66] не привлече особено медиумско внимание и беше во втор план, засенета од повикот за политички консензус[67] и темата „уставни измени“.[68]

И пораката на Маричиќ „функционирањето на демократските институции е клучно за европскиот напредок“, од средбата со директорката на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, Катерина Колозова,[69] не проби во медиумите, како ни изјавата „без функционални демократски институции нема темелни реформи“.[70]

И во гостувањето на Маричиќ на ТВ Телма во емисијата „Топ тема“ на 20.03.2023, во фокусот на медиумскиот интерес беа „уставните измени“, а не патоказите за функционирањето на демократските институции, владеењето на правото и реформите во јавната администрација. Од друга страна, објаснувањето на Маричиќ што се подразбира под „демократски институции“ во интервју за ИМА од почетокот на април 2023, имаше значителен пробив во медиумите.[71]

Изразот „демократски институции“ во 2023 година се спомнуваше и во контекст на промовираните истражувања[72] на повеќе организации за намалената доверба во Собранието и во другите државни институции, особено во здравствениот систем.[73]

Темата демократски институции делумно проби медиумски и во контекст на јавните дебати за измените на Изборниот законик и политичките барања за промена на изборниот модел (главно барањата на помалите партии за „една изборна единица“).[74]

Изразот интерсекторски политики речиси отсуствуваше во медиумите и во политичкиот дискурс.[75] Исто така, и изразите „интерсекторска(та) соработка“ и „меѓуресорска(та) соработка“ ретко се среќаваат во медиумите.[76]

Изразот „децентрализација“ во 2023 година ретко се споменува во медиумите, главно во контекст на децентрализација (и регионализација)

на здравствени услуги на пациенти,[77] фискална децентрализација (повеќе пари за општините) и „асиметрична децентрализација", децентрализација на социјални услуги, децентрализација во културата (во контекст на предлог-законот за култура), итн.

Медиумите не пројавија особен интерес на тема „демократски институции" ниту по објавувањето на нацрт - извештајот на ЕК[78] за кластер 1 „фундаментални вредности".[79] Дури ни експертските согледби во врска со препораките на ЕК немаа пробив во медиумите.[80]

Пораките на министерот за надворешни работи, Бујар Османи во врска со преговарачката рамка и патоказите пробија во повеќе медиуми, но повторно акцент во насловите беше ставен на Договорот со Бугарија.[81]

Процесот на „уставните измени" во Собранието во средината на август 2023 година, предизвика нов бран на општествена и медиумска поларизација,[82] по што ВМРО-ДПМНЕ обвини за прекршување на Деловникот поради одложување на гласањето за уставните измени.[83]

И во септември и во октомври 2023 година, „патоказите за ЕУ"[84] и „демократските институции" како тема се во сенка на неизвесноста дали и кога ќе се гласа за уставните измени – кои се услов за продолжување на преговорите со ЕУ. Во октомври 2023 година во медиумите само делумно проби пораката на вицепремиерот Маричиќ дека институциите веќе работат на креирање на патоказите, вклучително и патоказот за функционирање на демократските институции.[85]

## 3. Мониторинг за „владеење на правото“ и борбата против корупцијата

Анализата на клучните медиумски настани поврзани со владеењето на правото во 2022 година, покажува дека оваа тема не беше во фокусот на јавниот и медиумскиот интерес, и покрај тоа што беше истакнувана како приоритет на Владата,[86] на претседателот на државата,[87] на министерот за правда,[88] и како една од клучните теми во реформите[89] и процесот на преговори со Европската Унија.[90]

Во 2023 година, забележливо е значително зголемено присуство на изразот „владеење на правото“ во медиумите, главно во контекст на сè побројните критики за неефикасна борба против корупцијата и критиките за (не)функционирањето на правосудството.

### 3.1.Владеењето на правото во контекст на скрининг процесот

Изразот „владеење на правото“ имаше релативно слаб медиумски пробив во контекст на скрининг процесот, и покрај тоа што еден од трите споменувани „патокази“ е за владеење на правото. Темата на владење на правото делумно проби медиумски во изјавата на вицепремиерот Маричиќ од Брисел на објаснувачкиот скрининг состанок за „Функционирање на демократските институции“ (26.09.2022), кој укажа дека Северна Македонија има постигнато „огромен напредок“ во последните години во владеењето на правото,[91] тема на која Владата и придава голема важност.[92] И по завршувањето на објаснувачкиот скрининг, медиумски пробија изјавите на Маричиќ дека реформите на македонскиот судски систем и владеењето на правото се клучни прашања во пристапниот процес кон ЕУ, и дека Владата имала политичка волја и посветеност за решавање на недостатоците во клучните области како што се судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал и слободата на медиумите.[93]

Во октомври 2022 година, темата „владеење на правото“ делумно проби медиумски по објавувањето на извештајот на ЕК за напредокот на Северна Македонија.[94] Во контекст на извештајот, опозицијата укажуваше на нефункционален систем на владеење на правото,[95] додека провладини медиуми констатираа зајакната демократија и владеење на правото (повикувајќи се на вицепремиерот за евроинтеграции Маричиќ[96] кој ги истакна „очигледните напори за јакнење на демократијата и владеењето на правото“[97]).

Откако евроамбасадорот Дејвид Гир официјално ѝ го предаде Извештајот за напредокот за 2022 година на претседателката на Врховниот суд Беса Адеми, медиумски проби пораката дека за првпат Врховниот суд бил оценет позитивно во извештајот на ЕК.[98]

Темата „владеење на правото“ беше на медиумските маргини по започнувањето билатералните скрининзи со ЕУ,[99] а мал медиумски пробив имаше изјавата на Маричиќ од Брисел дека спроведувањето на судската реформа ќе биде пресудна во преговорите со ЕУ.[100] Владеењето на правото како тема беше актуелизирано и при посетата на германскиот претседател Штајнмаер,[101] при контроверзниот избор на јавен обвинител за организиран криминал,[102] како и по контроверзната судска одлука за случајот „Таргет-тврдина“.[103]

Како клучна тема во преговорите со ЕУ беа споменувани прашањата за механизмите за ефикасно владеење на правото.[104] Владеењето на правото во контекст на преговорите со ЕУ беше актуелизирано и во други политички изјави на највисоко ниво.[105]

## 3.2. Медиумско покривање на „Патоказот за владеењето на правото“

Патоказот за владеење на правото беше спомнуван како „можеби најважниот“[106] од трите патокази – претставувани во јавноста како три клучни инструменти во процесот на пристапување кон ЕУ,[107] односно, како „услови за отворање на првиот кластер“.[108] Патоказот за владеење на правото се доведуваше не само во врска со „клучните реформски приоритети“, туку и со Акцискиот план за малцинствата/заедниците и „бугарските барања“.[109]

Иако во почетокот на 2023 година имаше најави дека патоказите, вклучително и тој за владеење на правото ќе бидат завршени до пролет,[110] и дека Владата ќе бара скрининг извештајот на ЕК да биде доставен најдоцна „до почетокот на пролетта“,[111] најавите не се остварија. На крајот на март 2023 година, во интервју за Институтот за медиуми и аналитика ИМА, вицепремиерот Маричиќ укажа дека првата верзија на патоказот ќе биде оценувана во скрининг извештајот на ЕК за првиот кластер.[112] На крајот на април, министерот за надворешни работи, Бујар Османи во Европскиот парламент укажа дека е особено важно што е можно поскоро Владата да

го добие скрининг извештајот за Кластерот 1 – Темели од ЕК и да започне конкретната работа врз подготовка на трите патокази.[113] МИОА во април обелодени дека веќе е почнато да се работи на патоказите, во очекување на скрининг извештајот на ЕК.[114]

Како што укажа вицепремиерот Маричиќ во интервју за ИМА, патоказот за владеењето на правото ги покрива поглавјата 23 и 24 (поглавјата за правосудство и темелни права, но и правда, слобода и безбедност)[115] и ќе ја содржи „листата на задачи – како ние ги гледаме нашите задачи до членството во Европската Унија“.[116]

По објавувањето на скрининг извештајот на ЕК, само неколку медиуми ги објавија оценките дека земјава е „умерено подготвена во функционирањето на судството“. И експертските толкувања на скрининг извештајот на ЕК за темите правосудство и антикорупција не наидоа на поширок медиумски интерес.[117]

## 3.3. „Владеењето на правото“ во контекст на донесување на закони

Јавните критики при носењето на повеќе закони, особено по брза постапка со „европско знаменце“, се повикуваа на принципот на владеење на правото.[118] Претседателката на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), Билјана Ивановска исто така укажа дека донесување на закони по скратена постапка претставува ризик од корупција.[119]

Експресното и нетранспарентно донесување на измените на Кривичниот законик (КЗ) предизвика жестоки реакции во јавноста, во Собранието,[120] од експертите и ДКСК,[121] од врвни судии,[122] и од Народниот правобранител, Насер Зибери кој исто така се повика на принципот на владеење на правото.[123]

Експресното носење на законските измени имаше мала поддршка во јавноста,[124] наспроти бројните и остри реакции. На пример, здруженија на граѓани побараа од претседателот на државата да не се потпишува указот,[125] критикуваа дека содржината и постапката во која се донесени измените се во целосна спротивност со владеењето на правото,[126] и се повлекоа од изработката на новиот КЗ.[127]

Критики за користењето на европското знаменце и ризикот кој што го идентификува ЕК - дека промените во КЗ може да доведат до зголемување на неказнивоста[128], беа истакнати и од евроамбасадорот Гир на промоцијата на проектот „Поддршка од ЕУ за владеење на правото“, чии пораки пробија во медиумите.[129]

Критики за измените во КЗ упати и членот на работната група за КЗ, академик Владо Камбовски, кој најави враќање на дел од изменетите контроверзни членови.[130]

Претходно, медиумите известија дека и „Министерот за правда Кренар Лога не бил убеден дека измените се вистинско решение и не прифатил да биде предлагач“,[131] а подоцна министерот Лога отфрли лична одговорност, тврдејќи дека не бил на седница на Владата кога биле разгледувани предложените измени на Кривичниот законик туку таму била само неговата заменичка.[132]

Во јавноста беше нотирана и билатералната реакција на Холандија на измените на КЗ, со потсетување на претходно изразената загриженост за постепеното пропаѓање на предметите на СЈО.[133] Во октомври 2023 година, медиумска бура во јавноста предизвика и запирањето на кривичната постапка за дел од обвиненијата во случајот „Таргет-тврдина“, која беше протолкувана како директна последица на измените на КЗ.[134]

Претходно, критики во јавноста, експертски критики[135] и нова политичка поларизација предизвика и Законот за амнестија.[136] Откако опозицијата се закани со блокада[137] и напуштање на Собранието доколку биде носен со европско знаменце, Министерството за правда изјави дека овој закон нема да се носи со европско знаменце.[138] Во медиумите пробија и експертските ставови дека законот за амнестија претставува удар врз правниот систем и судството, и дека Собранието упаѓа во сферата на казнената политика играјќи улога на суд.[139]

## 3.4. Владеењето на правото во контекст на борбата против корупцијата

Најзначаен медиумски пробив на изразот „владеење на правото“ имаше во контекст на оценките и критиките за справувањето со корупцијата и со организираниот криминал. Критиките кон антикорупциските институции и политики медиумски пробиваа и пред објавувањето[140] на извештајот на ЕК во октомври 2022 година, а особено по објавувањето извештајот.[141]

Дел од медиумите ги објавија оценките за „позитивен тон“[142] и „стабилен напредок“ во спроведување на европските реформи, вклучително и областите како што се владеење на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал,[143] а некои антикорупциски институции го искористија извештајот за да ја промовираат својата успешна работа.[144] Сепак, опозицијата укажа дека ЕУ констатира широко распространета корупција,[145] а премиерот Ковачевски ги повика институциите задолжени за владеењето на правото и борба со криминалот и корупцијата да ги засукаат ракавите.[146]

Критиките на нефункционалниот систем за справување со корупцијата не доаѓаа само од страна на меѓународни фактори, особено од страна на претставници на ЕУ,[147] кои уште на почетокот на 2023 година ги потенцираа како клучни приоритети владеењето на правото и борбата против

организираниот криминал и корупција.[148] Критики за владина корупција во медиумите пробија и по Извештајот на Стејт департментот на САД.[149]

Критики за неефикасната борба против корупцијата постојано упатуваа и меѓународни[150] и домашни здруженија на граѓани,[151] претставници на опозицијата,[152] медиуми,[153] Народниот правобранител,[154] и други. Голема доза на критичност напати е забележлива и од страна на највисоки претставници на Владата, [155] задолжени за борба против корупцијата, [156] кои неретко вперуваа прст кон правосудството.[157] И министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски во интервју за ИМА, посочи дека имало „зголемување на ефикасноста на откривањето на корупцијата“, но дека „ако парите што ги стекнуваат на нелегален начин не бидат одземени од криминалните структури тогаш немаме ефикасна борба против криминалот и корупцијата.“[158]

Критиката кон институциите за неефикасна борба против корупцијата беше актуелизирана и низ посебни случаи, како случајот „Таргет–Тврдина“,[159] како при ставањето на „црната листа“ на САД на градоначалникот на Струга Рамиз Мерко[160] и на бизнисменот Орце Камчев,[161] во врска со случајот „Бехтел и Енка“,[162] случајот со истрагата за криминал на „Онкологија“,[163] но и во врска со други случаи на висока корупција.[164]

И ДКСК и нејзината претседателка Билјана Ивановска имаа позабележително медиумско присуство во 2023, во споредба со 2022 година, кога ДКСК се жалеше дека нејзините иницијативи не резултираат со обвиненија пред суд.[165] Покрај изјавите за „случајот Мерко“,[166] ДКСК во 2023 година медиумски проби по барањето одговорност за случајот „Беса транс“,[167] по барањето за кривично гонење на директорот на Агенцијата за млади и спорт,[168] по укажувањето на злоупотреба на службени простории за партиски цели,[169] по промоцијата на проценката на ризиците од корупција во правосудниот систем,[170] за случајот „Труст“,[171] по барањето кривична одговорност на директорот на Градежен инспекторат,[172] итн.

Во јавните настапи, претседателката на ДКСК укажуваше на висок степен на политичко влијание во јавниот сектор,[173] на замрзнување на контактите со Обвинителството,[174] на недостиг на резултати во борбата против корупцијата,[175] на непостапување по иницијативите и неспроведување на препораките на ДКСК,[176] и друго.

## 3.5. Владеењето на правото во контекст на правосудството и реформите

Иако реформата на правосудството и борбата против корупцијата и организираниот криминал беа акцентирани како суштествени теми како од страна на ЕУ, така и од страна на Владата, медиумите покажаа недоволен интерес за имплементацијата на Стратегијата за реформи во правосудниот

систем. На пример, само неколку медиуми известија за државната ревизија на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 година и Акцискиот план.[177] И процесот на донесување на новата стратегија[178] не беше во фокусот на медиумскиот интерес, иако беше најавен на годишен брифинг од страна на министерот за правда.[179] И новиот министер за правда, Кренар Лога објави информации дека на неколку средби со амбасадори разговарал за финализирањето на изработката на новата Стратегија за реформа во правосудниот сектор 2023-2027, кои беа на маргините на медиумскиот интерес.[180] Во април 2023 година, еден медиум информираше дека „правни експерти веќе ја привршуваат новата стратегија која сега се нарекува за развој а не за реформи во правосудството и која треба да биде усвоена до почетокот на летото".[181]

Кон крајот на април 2023 година, начинот на разрешувањето на претседателката на Судскиот совет предизвика бурни реакции,[182] критики од страна на граѓанското општество,[183] изјави на загриженост од страна на ДКСК,[184] критики од евроамбасадорот Гир,[185] и од министерот за правда.[186] Министерството за правда и министерот предложија распуштање на Судскиот совет,[187] и упатуваа бројни критики за непостапување[188] (вклучително и од Комисијата за надзор на АКМИС во судовите).[189] Судскиот совет беше во фокусот на медиумско внимание и по започнувањето на оценската мисија на ЕК,[190] чии препораки се очекува да бидат вградени во патоказот за владеење на правото.[191]

Загриженост за развојот на правосудството, со акцент на компромитираното судство, изразуваа и претставници на ЕУ.[192] Откако холандскиот амбасадор, Дирк Јан Коп јавно ги критикуваше властите за политичко влијание врз правосудството,[193] за недоверба во институциите, за корупција и недостаток на реформи, вицепремиерот Маричиќ укажа дека Холандија ќе има свој експерт во работната група за патоказот на владеење на правото.[194] Критиката на холандскиот амбасадор за неспроведување на реформите, и неговата порака дека „Уставните измени се користат како изговор од македонските власти за неспроведување на реформите", проби во повеќе медиуми на крајот на јуни 2023 година.[195]

Министерот за правда, Лога беше во фокус на медиумите во врска со стратегијата за реформи на правосудниот сектор, со предлози за измени на Законот за Судскиот совет,[196] со укажувањата дека стратегијата е од исклучителна важност од аспект на донесувањето на Патоказот за владеење на правото и негово имплементирање.[197] Медиумски пробив по јавната расправа за Стратегијата имаше и академик Владо Камбовски,[198] кој упати остри критики дека живееме во држава во која не владее правото.[199]

## 4. Медиумска анализа на клучните настани и процеси поврзани со темата „реформа на јавната администрација"

Медиумската анализа на клучните политички и јавни настани поврзани со реформата на јавната администрација во 2022 година покажува дека и оваа тема беше на маргините на јавниот и медиумскиот интерес, и покрај политичките напори за нејзино истакнување како еден од клучните приоритети на Владата[200] и како прашање кое е од особена важност во процесот на преговори со Европската унија.[201]

Во 2023 година, имаше незначително поголем број објавени написи на тема јавна администрација во споредба со 2022, за разлика од поврзаната тема дигитализација (или) „дигитална трансформација", која побуди поголем медиумски интерес.[202]

Темата „јавна администрација" во 2022 година делумно проби во медиумите по пораката на премиерот Ковачевски од Министерската конференција на Западен Балкан за реформи во јавната администрација од 15.09.2022: „Реформски ја унапредуваме јавната администрација, за подобри услуги за граѓаните и компаниите".[203] И по објаснувачкиот скрининг[204] за реформа на јавна администрација на 19.09.2022, во дел од медиумите проби изјавата на вицепремиерот за евроинтеграции, Бојан Маричиќ дека „реформата на јавната администрација е важна за напредокот кон ЕУ".[205]

Иако и претходно експерти и здруженија на граѓани[206] укажуваа на застој во реформите на јавната администрација,[207] критиките за доцнењето на реформите делумно медиумски пробија[208] во медиумите дури по објавувањето на Извештајот на ЕК за 2022 година во октомври 2022.[209] На прес-конференција во врска со извештајот, имаше медиумски обид за покренување на прашањето за намалување на администрацијата.[210] Опозицијата укажуваше дека немало напредок во спроведување на препораките на ЕК за реформа на јавната администрација. [211]

Медиумите покажаа мал интерес[212] за конференцијата „Првите чекори кон државната реорганизација“,[213] одржана во ноември 2022 година, иако на неа беше претставен пилот - проектот за реорганизација на администрацијата,[214] и беше најавен ефективен почеток од јануари 2024 година.[215] Според изјавите на тогашниот министер за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити, целиот процес на реорганизација мора да започне од 2024 година,[216] а до крајот на 2024 сите министерства вклучени во пилот - проектот треба да го завршат процесот на реорганизација.[217]

## 4.1. Обиди за актуелизирање на темата „реформи во јавна администрација“

Во декември 2022 година, темата реформи во јавната администрација беше медиумски реактуализирана со повеќе настани: Јавната расправа за Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023-2030) со акциски план, Билатералниот скрининг за Реформа на јавната администрација и одржувањето на 10-та седница на Советот за реформа на јавната администрација.

Главните медиумски пораки кои пробија по јавната расправа е дека деполитизацијата,[218] департизацијата[219] и создавањето на потранспарентна[220] јавна администрација и „мерит систем“ ќе бидат во фокусот на новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030,[221] која требаше да се усвои до крајот на 2022 година.[222] Медиумски пробив имаше и пораката на министерот Алити, дека на првите луѓе во институциите – директорите, треба да им се одземе правото да вработуваат, за да се спречат партиските вработувања во администрацијата.[223] Посебно беше истакната важноста на реформата на јавната администрација, во контекст на пристапните преговори со ЕУ,[224] како и „интер-институционалната соработка“,[225] која е честопати критикувана како слабост од страна на граѓанскиот сектор.[226] Дел од експертите вклучени во изработката на стратегијата[227] јавно укажуваа дека „за прв пат може да се види сериозна заложба за „болна“ реформа“.[228] Други експерти критички забележуваа дека реформите се заглавени,[229] укажувајќи дека досега недостасувала политичка волја администрацијата да биде сервис на граѓаните.[230]

Втор битен настан во декември 2022 година, за кој не беше пројавен посебен медиумски интерес, беше Билатералниот скрининг за Реформа на јавната администрација во Брисел,[231] од кој произлегоа општи политички пораки од министерот Алити.[232] Иако повеќе државни институции излегоа со информации за нивното учество на билатералниот скрининг,[233] таквите информации не наидоа на медиумски интерес за проникнување во темата.

Медиумските пораки од премиерот Ковачевски, по одржувањето на 10-та седница на Советот за реформа на јавната администрација, покажуваат (само)критика за изостанатите резултати,[234] политичка одлучност за

спроведување на реформите на јавната администрација[235] како еден од владините приоритети,[236] кои мора да се спроведат, не само како услов за влез во ЕУ, туку пред сѐ поради квалитетот на живот на граѓаните.[237]

Иако и самиот премиер, на седницата на Советот за реформи во јавната администрација, се повика на Извештајот за евалуацијата за Стратегијата 2018-2022,[238] кој е јавно достапен,[239] медиумите не пројавија посебен интерес за критичките наоди од овој извештај. Исто така, граѓаните не беа информирани ниту за деталите од Десеттата седница на Советот за реформа на јавна администрација, на која се претставува стратегијата и се разгледува Извештајот за евалуацијата за Стратегијата 2018-2022, иако записникот е јавно достапен на веб-страницата МИОА.[240]

Иако имаше очекување Владата да ја донесе Стратегијата во мај 2023 година,[241] Стратегијата за РФА беше јавно презентирана дури во септември 2023.[242]

## 4.2. Реформата на јавната администрација, скрининг процесот, и преговорите со ЕУ

Реформата на јавната администрација како тема продолжи да се актуелизира преку политички изјави за преговорите со ЕУ, поконкретно, во врска со скрининг процесот[243] и најавуваниот Патоказ за реформа на јавната администрација.[244] На пример, во гостување во емисијата „Топ Тема“ на ТВ Телма на 20.03.2023, вицепремиерот Маричиќ укажа на неколку аспекти во врска со реформата на јавната администрација во контекст на преговорите со ЕУ - ефикасноста, отчетноста, и транспарентноста и како да се задржат квалитетните кадри во системот.[245]

Во интервју за Институтот за медиуми и аналитика ИМА, Маричиќ истакнува дека реформата на јавната администрација ќе биде една од најтешките теми или најисцрпувачките теми за нашиот систем, и дека има повеќеслојни проблеми во администрацијата.[246] Според него, „суштинското прашање што треба да го одговориме низ тој патоказ – како да се задржат добрите работници во јавната администрација и квалитетните кадри во јавната администрација, од една страна, а како на оние што се непрофесионални, неквалитетни, и го рушат имиџот на целата јавна управа, да им се најде начин да бидат отстранети од тој систем“.[247]

Претставувањето на Годишниот извештај на вработените во јавниот сектор за 2021 г. на крајот на март 2023 година, повторно го актуелизираше прашањето за бројот на вработените во јавниот сектор.[248] Деталниот ревизорски извештај објавен во март 2023 година, кој укажа на бројни слабости во реформите на јавната администрација, не предизвика поширока стручна дебата за јавната администрација.[249] Темата за јавна администрација беше посебно фокусирана во директно прашање до

вицепремиерот Маричиќ во гостување на ТВ Телма, со цитирање на наодите од објавениот извештај од страна на Државниот завод за ревизија,[250] на што вицепремиерот не одговори конкретно, истакнувајќи го посебно проблемот со задржување на квалитетните кадри во јавната администрација.[251] ТВ Телма продолжи да ја актуелизира темата и во мај 2023, заклучувајќи дека „петгодишната Стратегија за реформа на јавната администрација финишираше без донесени клучни закони за вистинска реформа“.[252]

Во почетокот на април 2023 година, во медиумите проби истражување на јавното мислење спроведено од Институтот за политички истражувања Скопје за емисијата „Детектор“ на ТВ Сител, според кое 58,9% испитаници имале став дека јавната администрација треба да се намали,[253] како и изјавата на една пратеничка која минимизираше партиско влијание во администрацијата.[254]

Темата за реформи во јавната администрација беше актуелизирана и по презентацијата на Национален монитор за РЈА за Северна Македонија 2021/2022, која не побуди голем медиумски интерес, иако делумно пробија пораките за стагнацијата на реформите во судството и јавната администрација,[255] и „администрација во вегетација“.[256]

Реактуелизирање на темата реформи во јавната администрација имаше по објавување на скрининг извештајот на ЕК, по кој внимание на јавноста привлече главно критиката на инструментот за обезбедување правична застапеност – „Балансер“, за кој Извештајот вели дека веќе не ги исполнува неговите цели.[257] „Балансерот“ медиумски се претставуваше како „главниот виновник што доведе до натрупување на јавната администрација без никакви критериуми и стручност“,[258] и за партизација на администрацијата.[259] „Балансерот“ беше акцентиран и во интервјуто со министерот за информатичко општество и администрација, Азир Алиу,[260] во кое тој апелира да се изгласаат законите кои се чекаат со години, бидејќи се од големо значење за реформите во јавната администрација. Злоупотребата на „балансерот“ беше во фокусот на вниманието на дел од медиумите и при промоцијата на стратегијата за реформи на јавната администрација во септември 2023.[261]

На промоцијата на новата Стратегија за реформа на јавната администрација,[262] медиумски пробија и пораките на евроамбасадорот Гир (до Собранието да ги изгласа неопходните закони[263] и дека е битна имплементацијата на стратегијата[264]), пораката на министерот Алиу дека „целта на Стратегијата за реформи на јавната администрација е компатибилност со европските стандарди“, пораката на вицепремиерката задолжена за политики на добро владеење, Славица Грковска дека „принципите на добро владеење мора да се имплементираат на сите нивоа во јавната администрација“, и пораката на премиерот Ковачевски „обезбедуваме современа, ефикасна и дигитализирана јавна администрација според европските пракси и регулативи“.[265]

## 4.3. Реформата на јавната администрација и законските измени во медиумите

Неопходноста од законски измени за реформа на јавната администрација, и проблемот со нивно недонесување, беа постојано детектирани како проблем и од страна на експертите од граѓанскиот сектор,[266] но и од медиумите.[267]

На медиумско прашање во април 2023 до каде се реформите во јавната администрација, во врска со неопходните и најавени закони, министерот Алиу укажа дека тие биле сѐ уште „во постапка“.[268]

Иако донесувањето на пакетот на закони за реформа на јавната администрација беше најавувано од страна на министерот Алиу,[269] во повеќе наврати,[270] тоа до средината на октомври 2023 не се случи. Во почетокот на октомври 2023 имаше медиумско известување за најавата на министерот Алиу дека два нови закони ќе се најдат на владина седница, а потоа и во собранието со европско знаменце.[271]

Во „Топ тема“ на ТВ Телма на 16.10.2023 година[272] министерот Алиу изјави дека пет закони се веќе во владина постапка, и дека се очекува многу брзо да бидат и во собраниска постапка (во почетокот на ноември 2023): Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за високораководна служба, Законот за АВМУ, и Законот за дигитална агенција.[273]

Јавните расправи за овие закони предизвикуваа медиумско внимание и во 2022[274] и во 2023 година,[275] вклучително и критики заради усвоените решенија[276] и за недостатокот на политичка волја за нивно донесување.[277]

## 4.4. Јавната администрација и дигитализацијата во медиумите

Друг контекст во кој се актуелизира темата на реформи во јавната администрација е дигитализацијата и дигиталната трансформација на општеството,[278] која има за цел да придонесе и за поголема отвореност на институциите.[279]

Дигитализацијата како процес дојде во фокусот на медиумскиот интерес особено по стапување на должност на новиот министер за информатичко општество и администрација, Азир Алиу на 28.02.2023, кој јавно критикуваше дека дигитализацијата е на ниско ниво.[280] Министерот Алиу, по билатералниот скрининг состанок за Поглавјето 10 – Информатичко општество и медиуми, од Брисел испрати порака дека „дигиталната трансформација на општеството е висок приоритет на Владата“.[281]

Алиу во почетокот на април 2023 година најави две нови национални стратегии и агенција за дигитализација,[282] а на 18.04.2023, заедно со премиерот, ја промовираше новата програма за дигитализација „Дигитална ера"- слоган кој проби во медиумските наслови.[283] На заедничкиот медиумски настан, премиерот Димитар Ковачевски најави целосно функционален едношалтерски систем, преку кој на 335 пунктови на државно ниво ќе се добиваат услуги од администрацијата на една локација, [284] а министерот Алиу најави дека со дигитализација на јавните услуги ќе се намали времето што граѓаните го поминуваат за добивање услуга на шалтерите на јавната администрација.[285] Меѓутоа, дел од медиумите изразија скепса во однос на ваквите политички најави и ветувања, имајќи предвид дека основната алатка за дигитална трансформација на општеството – електронската лична карта,[286] не е сè уште воведена иако беше одамна ветувана и најавувана.[287]

На 16 мај 2023 година, министрите Алиу и Оливер Спасовски (МВР) ја промовираа услугата е-државјанство, а дел од медиумите ја акцентираа целта „до крајот на 2023 година да се дигитализираат над 150 услуги преку Националниот портал".[288] На крајот на мај 2023 година, министерот Алиу и претседателот Пендаровски заедно промовираа уште неколку нови е-услуги.[289]

Во интервју за ИМА, министерот Алиу ја афирмираше дигитализацијата на услугите како начин за намалување на корупцијата и олеснување на животот на граѓаните,[290] при што укажа дека Закон за агенција на дигитализација ќе има четири столбови.[291]

На пресот во јуни 2023 година, по 100 дена како министер за информатичко општество и администрација, Алиу ги истакна создавањето на дигитална агенција, стратегијата за дигитална трансформација на стопанството, како и програмата „Дигитална ера".[292]

Министерот Алиу медиумски проби со изјави за дигитализација и по интервјуто за МИА во јули 2023 година, во кое посочи дека МИОА креира инфраструктура заедно со АД „Пошти" во 333 локации каде ќе има една точка на услуги за граѓаните.[293] И потпишувањето на договорот за учество во програмата „дигитална Европа" беше во фокус на медиумски интерес.[294] Пораките на министерот Алиу за дигитализација медиумски пробиваа и на негови учества на форуми во странство.[295]

Пораката на Алиу за создавањето на дигитална агенција медиумско проби и при јавната дискусија за законот за сајбер безбедност и дигитална трансформација, кој е подготвен и ставен на ЕНЕР (Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија) на јавна консултација.[296] Во октомври 2023 година, Алиу го најави и Законот за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација, најавувајќи дека за месец и половина ќе биде донесен.[297]

## 5. Заклучоци и препораки

Од мониторингот на медиумите за темите „демократски институции“, „владеење на правото“ и „реформа на јавна администрација“ во периодот 2022-2023 година, може да се заклучи дека овие теми честопати се маргинализирани во медиумите и поклопени од политички, идентитетски и историски прашања, особено во контекст на преговорите на земјата за членство во Европската унија и актуелните спорови за овие прашања помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија.

Во поголем дел од медиумите се забележува површно третирање на темите „демократски институции“, „владеење на правото“ и „реформа на јавна администрација“ и недостаток на продлабочено, аналитичко и подетално информирање на јавноста и граѓаните за важни аспекти и процеси поврзани со овие теми.

Исклучок од овој пристап се забележува само во случаи кога овие теми се третирани во контекст на медиумски експонирани коруптивни афери, случаи на несоодветно постапување на институциите или конкретни настани што предизвикуваат поголемо внимание на јавноста. Но, и тогаш, во поголем дел од медиумите може да се забележи некритичко и трансмисивно пренесување на изјавите од политичките актери и нивните меѓусебни препукувања, додека експертските ставови и ставовите на граѓанското општество се главно ставени во втор план.

Неретко, и за овие теми може да се забележат манипулативни содржини, па и дезинформации, како на пример за прашањето дали земјата ги започнала преговорите со Европската унија или не, или за идентитетските и историските прашања поврзани со спорот помеѓу земјава и Република Бугарија.

Сите овие недостатоци во јавната комуникација на политичките и други јавни актери, но и на медиумите, придонесуваат за продлабочување на поларизацијата во земјава, што оневозможува поконструктивен

општествен амбиент во кој би се дискутирале и анализирале овие важни прашања, кои ќе стануваат уште поважни со отворањето на конкретните поглавја во преговорите за членство во ЕУ.

За да се надминат овие слабости и недостатоци, потребно е и институциите, и политичките и други јавни актери, но и медиумите да се обидат да излезат од начинот на комуницирање со јавноста кој придонесува за продлабочување на општествената поларизација, во која се губат информациите што се битни за информирање на граѓаните за важните аспекти од овие процеси и за решенијата што треба да се усвојат и спроведат за да се обезбеди унапредување на демократските институции и владеењето на правото, како и спроведување на долгоочекуваните и потребни реформи на јавната администрација.

## Препораки до медиумите

- Медиумите, како и сите други општествени чинители, треба да дадат свој придонес за деполаризација на јавниот дискурс; воздржувајќи се од говор кој поттикнува на омраза, насилство, дискриминација или општествена поларизација;
- Медиумите треба да се фокусираат повеќе на темите што ги третираат демократските институции, владеењето на правото, борбата против корупцијата, реформата на јавната администрација, дигитализацијата, итн., не само во контекст на пристапните преговори со ЕУ, туку и како теми кои се од особен интерес за граѓаните и подобрувањето на нивниот квалитет на живот;
- При покривањето на овие теми, медиумите треба да се придржуваат на принципот на проверка на факти и да ја афирмираат слободата на изразување со критички коментари;
- При покривањето на овие теми, медиумите треба да обезбедат што повеќе критички извори од граѓанското општество, како и непосредни изјави од граѓаните, во насока на обезбедување на поголема отвореност и отчетност на надлежните институции;
- При покривањето на овие теми, медиумите треба да го прилагодат јазикот во медиумските содржини, за да биде што поразбирлив за граѓаните.

## Препораки до државните функционери, политичарите и другите јавни комуникатори

- Државните функционери, политичарите и другите јавни комуникатори, треба да дадат свој придонес за деполаризација на јавниот дискурс, воздржувајќи се од говор кој поттикнува на омраза, насилство, дискриминација или општествена поларизација;
- Државните функционери, треба да одржуваат редовни прес-конференции и брифинзи за новинари за темите демократски институции, владеење на правото, борба против корупцијата, реформа на јавната администрација, дигитализација, итн., не само во контекст на пристапните преговори со ЕУ, туку и како теми што се од особен интерес за граѓаните и подобрувањето на нивниот квалитет на живот;
- При давањето изјави во врска со овие теми, државните функционери, политичарите и другите јавни комуникатори треба да се воздржат од ширење на непроверени информации и нереалистични ветувања;
- Државните функционери, надлежни за овие прашања, не треба да организираат само јавни промоции, туку и отворени критички јавни дебати, на кои претставници на граѓанското општество, граѓаните, и медиумите ќе можат да го изразат својот став и да поставуваат прашања до државните функционери;
- Кога даваат изјави во врска со овие теми, државните функционери, политичарите и другите јавни комуникатори треба да го прилагодат јазикот на комуницирање, за да биде што поразбирлив за граѓаните.

# Референци

1 Видете, на пример, Катерина Колозова и тимот на ИОХН, Поларизацијата како средство на популистичко владеење и како да се надмине (Второ издание), Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје, 2020.

2 Кржаловски: Поларизацијата е еден од поголемите проблеми во државата, да не се ставаме во партиски ровови, ima.mk, 22.06.2023: „Да, и јас исто така сметам подолго време дека ова е еден од поголемите проблеми во државата – поларизацијата, иако не често се препознава, бидејќи, нели, обично се зборува за животен стандард, за високи цени, ниски плати, корупција, и слично, или за војната во Украина како влијание на сето тоа, за енергетски кризи... А самиот феномен на поларизација, на анкетите што ги правиме ние за овие најголеми проблеми, ретко се препознава или идентификува како проблем сам за себе."

3 Видете, на пример, Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година, стр. 11: „Сепак, работата на Собранието беше нарушена поради постојана поларизација помеѓу владејачките партии и опозицијата, што ескалираше во прекини и обиди за физичка пресметка во некои прилики. Од мај 2022 година, ВМРО-ДПМНЕ започна „активна блокада" на Собранието".

4 Видете Гир: Да се надмине поларизацијата во Собранието, 24.mk, 31.10.2022.

5 Видете Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година, стр. 5: „Работата на Собранието беше нарушена од политичка поларизација, што го одложи донесувањето на многу закони. По интензивните дебати, Собранието донесе заклучоци за предлогот, што го отвори патот за започнување на пристапните преговори." Видете и Извештај на ЕК: Работата на Собранието е нарушена од политичка поларизација, 360степени, 12.10.2022. Видете, исто така, Screening Report North Macedonia, Directorate-General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations, 20.07.2023, стр. 13 и 16.

6 Видете, на пример, „Со сите демократски и парламентарни методи ќе го спречиме донесувањето на законот за амнестија", велат ВМРО-ДПМНЕ, Макфакс, 29.09.2023.

7 Поларизација по етничка основа пред дебатата за уставни измени беше видлива по пропагандното воскреснување на етнонационалистичките митови за „Голема Бугарија", по комеморацијата за Мара Бунева во јануари 2023, по говорот на омраза и насилството од омраза врз претставници на бугарските клубови, по одбележувањето на роденденот и смртта на Гоце Делчев, по натпреварот Шкупи-Левски во Скопје, итн. Пропагандно воскреснување на етнонационалистичкиот мит за „Голема Албанија" (особено од страна на руската пропаганда во Србија), беше видливо по посетата на косовскиот премиер Албин Курти во Скопје и Тетово, која беше искористена за етно-политичка поларизација од страна на проруски партии и медиуми во Северна Македонија и во Србија.

8 Општествена поларизација од здравствени фактори беше предизвикана по протестите против мерките за време на ковид пандемијата, по пожарот во

ковид болницата во Тетово, протестите по „случајот онкологија", протестите заради недостапност на лекови, итн. Видете Зибери: Слободата на секој досега до онаму до каде што не се попречува слободата на другиот, ima.mk, 30.09.2023: „... имавме иницијатива за лицата со ретки болести, кои исто така немаат пристап до институциите и особено до лековите за нивен третман. Медиумски најексплоатиран е случајот со набавката на лекот „Трикафта", кој што беше целосно недостапен и како резултат на тоа имавме дури и една жртва. За овој случај констатиравме сериозно кршење на правата на граѓаните во здравствената сфера, и дека за тоа е одговорна власта, односно, државата не овозможила навремено рефундирање на овие лекови за лицата со вакви случаи."

9 Во овој период, општествена поларизација предизвика кампањата против „родова идеологија" и родовата еднаквост, која кулминираше со протестот организиран од МПЦ на крајот на јуни 2023 , поддржан од други религиозни организации, здруженија на граѓани, политички партии, итн. За кампањите со дезинформации и говор на омраза од страна на анти-родовото движење, и нивната поврзаност со руската пропаганда, видете Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост, Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје, август 2023.

10 Видете Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година, стр. 13: „Поларизацијата меѓу општините, главно предводени од опозицијата по локалните избори во октомври 2021 година, и власта ги усложни преговорите за договор за мерки за решавање на ова прашање".

11 Видете Анализа на политики ОДЗАРОБУВАЊЕ НА „АДМИНИСТРАТИВНИОТ УМ": ПОЛАРИЗАЦИЈА НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ И ДРЖАВАТА, ИОХН-Скопје, декември 2020 – јануари 2021.

12 Во смисла на „взаемна недоверба впишана во законите на државата (преку постојан имплициран сомнеж во граѓанинот како потенцијален злоупотребувач) и врежана во недовербата во институциите постојано изразувана од граѓаните во бројни анкети и студии". Ibid.

13 Видете, на пример, „Закажување на телефон за лични документи е невозможна мисија, електронски за пасош прв слободен датум во декември", Сител, 11.08.2023 и кластер наслови на time.mk.

14 Според Кржаловски, „Предлогот доведе до повторна поларизација, иако имаше добра можност да се деполаризира општеството" (Кржаловски - Францускиот предлог нанесе штета на целото општество, РСЕ, 18.07.2022).

15 Council conclusions on North Macedonia and Albania, Brussels, 18 July 2022.

16 Европската Унија и Северна Македонија, Делегација на Европската Унија во Северна Македонија, пристапено на 14.03.2023.

17 На пример, во документ од 04.07.2022, подготвен од Институтот за демократија и Институтот за европска политика и поддржан од повеќе невладини организации, се тврдеше дека преговорите со ЕУ вистински нема да започнат: „Во тековниот предлог, преговорите вистински би започнале по внесувањето

на етничките Бугари во преамбулата на Уставот". Исто така, во документот се предупредуваше дека „пристапниот процес ќе биде јамка околу вратот што ќе се затега во следните децени". („Придонес кон тековните јавни консултации за предлог преговарачката рамка за Северна Македонија за пристапување во ЕУ", интернет-страница на Институтот за демократија – Социетас Цивилис – Скопје, 4 јули 2022.)

18 Видете ПОЛИГРАФ: Кој шири дезинформации дека не се започнати преговорите со ЕУ?, Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје, 29.11.2022 и Полиграф: Невистина е дека преговорите со ЕУ и скринингот не започнале, Институт за медиуми и аналитика ИМА Скопје, 26.10.2022.

19 Видете Жарко Трајаноски, Дезинформации, медиумски манипулации и теории на заговор за „Францускиот предлог", во „Францускиот предлог": Говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации (медиумски анализи), Институт за медиуми и аналитика ИМА – Скопје, 2022, стр. 58)

20 Според Колозова, „Голем дел од македонското граѓанско општество ѝ се придружи на десницата во отфрлањето на договорот со Софија и Брисел". (Катерина Колозова, Патот на Северна Македонија кон ЕУ е под закана од неочекуван актер, во „Францускиот предлог": Говор на омраза, дезинформации, медиумски манипулации (медиумски анализи), Институт за медиуми и аналитика ИМА – Скопје, 2022, стр. 58)

21 На пример, за последиците од „Францускиот предлог", видете Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ - Краток квартален преглед јули-септември 2022, Институт за европска политика – Скопје, 2022, стр. 9: „Опозицијата го опиша како деструктивен и катастрофален за македонскиот идентитет и јазик. Според Владата, сите црвени линии од страна на Северна Македонија се испочитувани, додека експертското мислење и граѓанските организации останаа поделени. Како резултат на тоа, општеството стана многу поларизирано."

22 Видете Катерина Колозова, Справување со прашањето на растечката поларизација и „евроскептицизам" кои кулминираат во реакцијата на јавноста поврзана со т.н. „француски предлог", 05.07.2022: „Уверени сме дека станува збор за висока поларизација создадена од ветото и билатералните преговори поврзани со него. Европа и Бугарија се виновни за тоа што дозволија да се појави ваков опасен процес, непромислено допуштајќи раст на поларизацијата и, со тоа, евроскептицизмот дури и помеѓу оние најпосветените на евро-интеграциите. Итно мора да се иницира брз процес на деполаризација, по пат на методите на разрешување културен конфликт и помирување, како предуслов за каква било рационална расправа во однос на билатералните протоколи со Бугарија а, исто така, поврзана со т.н. „француски документ" (како што го нарече македонската јавност) но и за повторно градење доверба во идејата на обединета Европа и европските вредности."

23 Видете Враќање на кредибилитетот на ЕУ и европскиот консензус во граѓанското општество во Северна Македонија", Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје, февруари 2023: „Како и во фактот дека преговорите со ЕУ ја постојано ја одржуваат можноста од идни замрзнувања на процесот со

тоа што ги вклучувааат договорите со Бугарија и Грција како дел од условот на добрососедство како критериум на пристапување“.

24 Видете Катерина Колозова, Справување со прашањето на растечката поларизација и „евроскептицизам“ кои кулминираат во реакцијата на јавноста поврзана со т.н. „француски предлог“, 05.07.2022.

25 Преку најразлични активности, проектот придонесува за зголемување на свеста за демократските институции меѓу граѓанските организации, пошироката јавност, но и самите институции; деполаризација на јавниот говор преку натпартиски и надетнички дијалог на информираната јавност; зајакнат граѓански сектор преку соработка и вмрежување, како и подигнување на капацитетот на самите институции за креирање политики со посебен фокус на хоризонталната вредност „демократски институции“.

26 Мониторингот на медиуми главно се потпира на истражување на кластерите на вести образувани на агрегаторите на вести time.mk и grid.mk.

27 Видете ЕК ја објави новата методологија за преговори, 360степени, 5.02.2020: „Фокус се става на основните критериуми – владеење на правото и демократски институции.“

28 Видете ЕПИ: Владата да не дава „бланко“ поддршка на новата методологија, Фокус, 05.02.2020: „Патокази (досегашните акциски планови за поглавјата 23 и 24) се предлага да се донесуваат и за демократски институции и јавна администрација – подрачја во кои не постои цврсто acquis.“

29 На пример, Селмани: Не смееме веќе понатаму да функционираме без демократски институции во државата, iPortal, 11.06.2020

30 На пример, Обраќање на претседателот Стево Пендаровски во Собранието на Република Северна Македонија, 16.12.2020: „Изборите кои во време на пандемија беа едни од првите организирани во светот, беа оценети од мисијата на ОБСЕ/ОДИХР како демократски, и тоа покажа дека имаме капацитет и во исклучително сложени услови да организираме избори и да формираме демократски институции“. Видете и Ахмети: На земјата и се потребни демократски институции произлезени од изборите, Локално, 21.07.2020.

31 Видете, на пример, Заев: Градиме демократски институции и вредности, постојано и внимателно, низ славења и премрежја Frontline, 15.09.2020: „Речиси три децении градиме демократски институции и вредности, постојано и внимателно, низ славења и премрежја, истакнува премиерот Заев по повод Меѓународниот ден на демократијата.“

32 Видете Обраќање на претседателот Пендаровски на одбележувањето на 9-ти декември, Меѓународен ден за борба против корупцијата, pretsedatel.mk, 9.12.2021: „...корупцијата ја слабее државата, ги осиромашува граѓаните, ги компромитира демократските институции“.

33 Видете Обраќање на претседателот Пендаровски по повод 18 Август – Денот на Армијата на Република Северна Македонија, pretsedatel.mk, 18.08.2020: „Најдобриот начин за борба против дезинформациите, лажните вести и останатите

хибридни закани е токму високата доверба на граѓаните во демократските институции“.

34 Дерала: Сопките на патот кон ЕУ им дава простор на хибридните напади врз демократските институции CivilMedia, 10.05.2021.

35 Видете Закочените евроинтеграции се „чист пенал“ за влијание од други страни, РСЕ, 01.10.2021.

36 Вистиномер: Граѓаните сè помалку им веруваат на институциите, на судството најмалку, Мета, 12.01.2022: „Во изминатата 2021 година граѓаните покажаа голема недоверба во демократските институции, но и во други чинители во политичкиот живот на државата“.

37 Видете, на пример, Близнаковски, во Презентација на анализата „Човек од народот: Анализа за јавното мислење за политичките барања на граѓаните“, pretsedatel.mk, 30.11.2021: „Постои нагласена недоверба кон демократските институции и правила на играта, како и разбирање на политиката како борба на народот наспроти елитите.“

38 Честитка од претседателот Пендаровски по повод 2 Август, Илинден – Денот на Републиката, 02.08.2021.

39 Видете, Најчевска, во Силување на демократијата, Слободен Печат, 09.12.2021: „Станува збор за тоа дали Македонија има интелектуален капацитет да направи суштинска промена и да го затвори кванташкиот пазар на кој се одлучува за судбината на граѓаните и да го замени со демократски институции“.

40 Видете ДАВИТКОВСКИ ТВРДИ ДЕКА НЕ ФУНКЦИОНИРААТ ИНСТИТУЦИИТЕ Нема демократија во државата, ако ја нема во партиите, +инфо, 13.09.2021: „Нашите институции се сервисно ориентирани кон власта. Треба да се ориентирани кон граѓаните. Секоја институција сама треба да функционира, согласно законот, да бидат сервис на граѓаните. Не ни функционираат институциите“.

41 На пример, Трајанов: Македонија е криминализирана држава со партизирани институции под диктат на Владата, Нетпрес, 04.05.2021.

42 Видете, на пример, Институт за демократија: До силни институции само со искусни и професионални раководители, МКД, 04.01.2021 и Преговорите со ЕУ да ги водат натпартиски кадри, му предлагаат на Димитров од Институт за демократија и „Евротинк“, 360 степени, 30.10.2020.

43 Стејт Департмент: Корупцијата ја гние демократијата и ги поткопува демократските институции, ММС, 02.04.2021.

44 Видете Кржаловски во На пат за Европа со стар и зарибан изборен модел?!, Н.Македонија, 20.10.2021: „Препораките за реформи на изборниот процес што доаѓаат однадвор едноставно се игнорираат зошто некому така му одговара… Системот ги фаворизира веќе етаблираните и големи партии“.

45 МОФ: Седум од десет млади не биле вклучени во консултации од институциите, CivilMedia, 12.08.2021.

46 Институт за демократија: Релативно ниско ниво на квалитет на дебата во Собранието во последните две години CivilMedia, 19.08.2021.

47 Видете, Институтот за демократија со оценка за работата на законодавниот дом, Канал 5, 05.02.2021: „Пратениците не дебатираат, туку меѓусебно се напаѓаат со лични и партиски квалификации - новиот собраниски состав ја доби најлошата оценка досега за квалитетот на расправата во законодавниот дом."

48 Видете, на пример, Васко Наумовски, Милена Апостоловска-Степаноска, Лепосава Огњаноска: Владеењето на правото во контекстот на политиката на проширување на Европската Унија кон државите од Западен Балкан, Политичка мисла, бр. 59, 2020.

49 Видете, на пример, Катерина Блажевска, Нова методологија: Тешко со неа, потешко без неа, 6.02.2020 (Андреја Стојковски, извршен директор на Институтот „Преспа": „Дополнително, државите од процесот ќе добијат јасни упатства што од нив се очекува, бидејќи Комисијата ќе им испорача патокази, а во рамките на политичкиот дијалог ќе бидат препознаени и очекувањата на државите-членки." / Малинка Ристевска Јорданова од ЕПИ: „Се предвидуваат и нови акциски планови - патокази и за демократски институции и јавна администрација, покрај оној за 23 и 24, што создава поголем притисок во областите во кои нема цврсто acquis.").

50 „Патоказ за функционирање на демократските институции кој ќе ги гарантира вредностите на Унијата, пред се демократијата." (Патоказ за ЕУ, Институт Преспа, Скопје февруари, 2021).

51 Видете, на пример, Катерина Синадиновска, „Брисел остана на зборот: Се објави предлог преговарачката рамка", Капитал бр. 1069, 03.07.2020, стр. 14: „Првиот чекор сега откако се преговарачките рамки влезени во процедура е Северна Македонија да изготви патоказ за поглавјата поврзани со владеењето на правото, поглавјата 23 и 24... Освен патоказот за владеење на правото, Северна Македонија треба да изготви и патоказ за функционирањето на демократските институции и реформата на јавната администрација, другиот суштински елемент од преговорите со ЕУ."

52 На пример, видете ИЗВЕШТАЈ 2020: АРГУМЕНТ ПОВЕЌЕ ЗА ПРЕГОВОРИТЕ Анализа на Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија од 6 октомври 2020 година, Институт за европска политика – Скопје, октомври 2020: „Да потсетиме дека според новата Методологија за проширувањето овој кластер се отвора прв, а се затвора последен. Од него треба да произлезат нови документи – патокази за поглавјата 23 и 24, како и за демократските институции и реформата на јавната администрација"

53 На пример, „Маричиќ: Унијата мора да биде похрабра во однос на политиката на проширување", Макфакс, 14.04.2022: „Стабилни и демократски институции се почетна точка за економски развој".

54 Исклучок, е на пример, кластерот наслови од Ристевска Јорданова: Функционални демократски институции за чист старт на преговорите, Слободен Печат, 14.06.2020: "Новододадените области „демократски институции" и „јавна администрација", за кои нема „тврдо право" на ЕУ ќе бидат предизвик, зашто има меѓународни односно европски стандарди, но не и рецепт како да ги постигнете. И токму во овие области ќе биде многу значајно Македонија да покаже капацитет."

55 Видете Средба на претседателот Пендаровски со Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг април 28, 2021: „Веруваме дека членството во НАТО е многу важно за одржување на безбедноста и стабилноста како предуслов за просперитет и зајакнување на демократските институции". Видете и Димитров: „Една држава е силна колку што е силна нејзината војска, една држава е силна колку што се здрави нејзините демократски институции, но една земја е силна и толку колку што има пријатели.", изјави министерот Димитров. (Македонија и формално во НАТО: Пендаровски го потпиша инструментот за пристапување во Алијансата, 360степени, 20.03.2020)

56 Мицкоски: Ќе изградиме одржливи демократски институции кои одговараат на највисоките европски стандарди, Пресинг ТВ, 01.06.2022.

57 На пример, на пребарувачот time.mk, изразот „демократски институции" дава 484 вести во периодот од 1.01.2022-10.10.2022, а 730 вести од 1.01.2023-20.20.2023.

58 Видете, на пример, „Маричиќ: Нашата цел не е само членство во ЕУ, туку и уредена и стабилна држава", Локално, 17.11.2022: „Владата е посветена на реформите, бидејќи нашата цел не е само членство во Унијата, туку уредена и стабилна Северна Македонија, со силни демократски институции кои работат врз европски принципи и стандарди." (Фејсбук страница на Bojan Maricik, 17.11.2022)

59 Видете, на пример, Маричиќ: Скрининг процесот дава доволно простор за отворање дијалог во Собранието, Нова Македонија, 19.07.2022 : „Мислам дека во процесот на скрининг ќе можат да се вклучат сите, да видат како тече. Ќе ги извадиме оние клучни документи, патокази за владеење на правото, за реформи во јавната администрација, за демократски институции, акцискиот план за малцинства за да се увери јавноста и пратениците дека таму нема ништо спорно, ниту ќе има нешто страшно. И на тој начин во еден дијалог да дојдеме до двотретинско мнозинство за промена на Уставот".

60 Видете Маричиќ: Извештајот за Фундаментални вредности го очекуваме во првиот квартал од 2023 година, МЕТА, 21.07.2022: „Патоказ за владеење на правото, Патоказ за функционирање на демократските институции, кој нема да биде одредница за отворање на Кластерот и Патоказ за реформа на јавната администрација, кој ќе биде и одредница за отворање на Кластерот и кој треба да се фокусира на градење на професионална администрација во служба на граѓаните и на јакнење на административните капацитети за спроведување на законите и политиките кои се усогласени со европските стандарди." Видете и Маричиќ: Приоритет ќе бидат трите патокази во делот на кластерот фундаментални вредности, нема повеќе потреба од реформски планови надвор од ЕУ, Фронтлајн, 21.07.2022: „Трите патокази во делот на кластерот фундаментални вредности ќе ни бидат приоритет, а тоа се: патоказот за владеење на правото, патоказот за функционалност на демократските институции и патоказот за реформи во јавната администрација...".

61 На 07.12.2022 Секретаријатот за европски прашања во Владата на Северна Македонија објави дека го завршува билатералниот скрининг за кластерот Фундаментални вредности, со областа Функционирање на демократски институции, но објавата не проби во медиумите.

62 Видете Ако годинава не ги завршиме уставните измени, Албанија сама ќе напредува кон ЕУ, вели Маричиќ 360степени, 9.01.2023, каде што Маричиќ зборува за скринингот и патоказите: „Скринингот оди по зацртаното темпо, по календарот утврден уште во септември минатата година. Завршивме со објаснувачки скрининг за три кластери и завршивме со билатерален скрининг, во кој ние презентираме до каде сме усогласени и кој ни е планот за усогласување за најважниот кластер – темелни вредности. Очекуваме во наредниот период, до пролет, да ги завршиме трите клучни инструменти – три патокази за реформа во јавната администрација, функционирање на демократски институции и владеење на правото... Тие треба да произлезат како резултат на скринингот и целта е да бидат подготвени во моментот кога ќе заврши скринингот, да ги имаме подготвени за усвојување од страна на Советот на министри на ЕУ".

63 Видете Маричиќ за скринингот: Бугарија нема посебни барања, но ќе ја консултираме за акцискиот план за малцинства, А1 On, 18.01.2023

64 Видете кластер објави за скринингот од прес-конференцијата на Ковачевски и Маричиќ на time.mk.

65 Видете Маричиќ: Преговорите со ЕУ се најважниот македонски проект кој мора успешно да го завршиме, vlada.mk, 18.01.2023: „За Кластер 1, кој го завршивме пред нешто повеќе од месец дена, ќе барам скрининг Извештајот да биде доставен до нас во наредните 3 до 4 месеци, бидејќи тоа ќе ни помогне во подготовката на Патоказите за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и функционирањето на демократските институции, истакна главниот преговарач со ЕУ."

66 Ковачевски: „Во наредните 3-4 месеци, очекуваме да го добиеме скрининг извештајот за Кластер 1, тоа ќе ни помогне во подготовката на Патоказите за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и функционирањето на демократските институции"", Ковачевски: Членството во ЕУ е национален интерес, сите да бидеме одговорни за иднината на нашата земја, vlada.mk. (кластер на time.mk)

67 Видете Ковачевски: Потребен е политички консензус за преговорите со ЕУ, Frontline, 26.01.2023.

68 Видете Ковачевски: Уставните измени се една од одлуките до полноправно членство во ЕУ, Слободен Печат, 26.01.2023.

69 Видете и посебно интервју со Катерина Колозова за ИМА: Колозова: Јавниот сектор мора да разбере дека негов шеф е народот, а не која и да е партија или влада, ima.mk, 21.02.2023.

70 Исклучок е следната објава Маричиќ: Функционирањето на демократските институции е клучно за европскиот напредок, Мактел, 28.12.2022.

71 Видете кластер вести на time.mk, од интервјуто на Маричиќ за ИМА од 03.04.2023 (Маричиќ: Вистинското прашање е дали сакаме да го фатиме најбрзиот воз за членство во Европската Унија), каде што заменик – преседателот на Владата на Северна Македонија задолжен за европски прашања објаснува што спаѓа под функционирање на демократски институции: „Тоа се сите оние основни демократски обележја на државата, коишто се секогаш во воведните делови на извештаите на

ЕУ. Тука е Собранието и како функционира Собранието. Знаеме дека ние имаме актуелни проблеми на таа тема. Сите оние блокади, бескрајни амандмани, бескрајно одолговлекување, закони коишто стојат и по две години во собранието. Тие прашања ќе се дискутираат. Жан Моне дијалогот во Собранието – како да се воспостави една средина која што нема да биде поларизирана до таа точка, да не функционира Собранието заради тоа. Прашањето на изборите, Изборниот законик, исто така, се дел од функционирање на демократските институции. Значи, сите прашања поврзани со препораките на ОБСЕ/ОДИХР за слободни избори, но и изборен модел доколку ние сметаме дека таа тема треба да се отвори. Секако, тука ќе влезат и оние – Народен правобранител, и сите оние институции коишто ги штитат правата на граѓаните и помагаат за функционалност, антидискриминација, и помагаат за функционалност на демократијата.“

72 Видете, на пример, кластер вести на time.mk за оценката на собранието од набљудувањето на „Институт за демократија“ од февруари 2023, од јуни 2023 за ниската доверба на собранието и „дното на недоверба“, како и пораката од перцепцијата на граѓаните („пратениците не ги застапуваат нашите интереси“) која медиумски проби во август 2023.

73 На пример, видете кластер наслови на time.mk од 11.09.2023 каде што доминира пораката дека мнозинството граѓани немаат целосна доверба во здравствените работници.

74 Видете, на пример, Може ли Македонија да стане една изборна единица до следните избори?, Сител, 12.10.2023 и кластер наслови на time.mk.

75 На пример, за последната година пребарувачот Google дава само два погодоци за „интерсекторски политики“ – интервјуто со Колозова за ИМА, и една изјава од министерот за животна средина Нуредини од крајот на 2022 во која истакнува дека „животната средина треба да биде приоритет во сите интерсекторски политики“, пренесена од неколку медиуми.

76 Видете, на пример, во интервјуата на ИМА: (ВИДЕО) Интервју со Грковска: Главната реформа треба да ја направиме во нас самите, zoom.mk, 18.04.2023; Маричиќ: Имаме многу успешни приказни за интерсекторска соработка; Спасовски: Меѓуресорската соработка дава ефективни резултати.

77 На пример, барањето на претставниците на пациентите со ретки болести за децентрализација на здравствените услуги, на прес конференција во рамките на проектот #деполаризирај се, проби во повеќе мејнстрим медиуми (видете кластер вести на time.mk и grid.mk).

78 Видете Screening report North Macedonia Cluster 1 – Fundamentals, 20.07.2023, каде што се истакнува дека „Функционирањето на демократските институции обезбедува дека моќта се изведува од народот преку претставувачки систем со слободни и фер избори во неговата срж“.

79 Видете, на пример, ЕК го објави нацрт-извештајот за Кластер 1: С Македонија „делумно“ подготвена за членство во ЕУ, 360 степени, 04.08.2023, една од малкуте медиумски објави каде што се цитираа делови од извештајот: „Во

однос на функционирањето на Парламентот, Собранието на Северна Македонија ги консолидираше своете демократски функции со текот на времето. Сè уште се потребни напори за да се воспостави поефикасно планирање на процесот на донесување закони, со цел да се ограничи употребата на брзи процедури". Во неколку медиуми проби изјавата на вице-премиерот Маричиќ: „Извештајот за нас е водич и основа за подготовка на клучните документи – Патоказите за владеење на правото, функционирање на демократските институции и реформа на јавната администрација, а истовремено е рефлексија на скрининг-процесот, кој трае скоро една година. Поединечните наоди ќе ги коментираме во натамошна фаза кога ќе треба да се вградат во Патоказите, кои ќе бидат консултирани со сите општествени чинители, во еден транспарентен и инклузивен процес".

80 Видете, на пример, Малинка Ристевска Јорданова, Демократските институции во долга консолидација, МЕТА,18 август 2023, каде што укажува: „Повторени се и критиките од последниот годишен извештај за поларизација меѓу позицијата и опозицијата и препораката за нивна заедничка конструктивна работа „со фокус на конкретните чекори во преговарачкот процес. Се потенцира обврска на опозицијата, која го води Советот за евроинтеграции за обезбедување широк консензус за агендата за ЕУ."

81 Видете кластер наслови на time.mk, и наслов ОСМАНИ НИ ГО НАЦРТА ПАТОТ КОН ЕУ: Трите патокази се владеење на правото, јавна администрација и демократски институции, Денешен, 05.08.2023.

82 Видете Анализа на ИМА: Каков е третманот на уставните измени во медиумите и на социјалните мрежи?, Мета, 21.09.2023, Зоран Бојаровски, Говорот на омраза е храна за политичка некултура и за екстремна поларизација, Нова ТВ, 01.10.2023 и Петрит Сарачини, Уставните измени во медиумите и на социјалните мрежи: Силна поларизација и омраза, слаба онлајн модерација, малку истражувања и претставки до саморегулаторните тела, ima.mk, 21.09.2023 (time.mk).

83 Видете, на пример, Џафери: Не сум го прекршил Деловникот, DW, 21.08.2023.

84 Видете Македонија ги пишува патоказите за ЕУ, но не се знае кога ќе се гласа за уставни измени, Телма, 02.10.2023: „Во моментот кога ќе добиеме формално официјална покана за доставување на патоказите ќе можеме да направиме формални консултации и со граѓанските организации што планираме да го направиме. И планираме најмалку една сесија во собранието, секако зависно како ќе одлучи собранието да ја изврши консултацијата", изјави Бојан Маричиќ, вицепремиер за европски прашања."

85 Видете, на пример, кластер наслови на time.mk од 09.10.2023 и кластер наслови на grid.mk.

86 Видете, на пример, Ковачевски: Владеење на правото и транспарентност се меѓу нашите приоритети, Сител, 23.02.2022 и Ковачевски: Градиме нова политичка култура која ќе биде принцип на владеење и сега и во иднина, Слободен Печат, 23.02.2022.

87 Претседателот Пендаровски: Апелирам до сите политички чинители конструктивно да се вклучат во процесот на европска интеграција, Центар, 14.10.2022: „Крајната цел е изградба на функционална правна држава со ефикасен судски систем. Не случајно владеењето на правото е почетен, но и завршен чекор во евроинтеграциите. Ако има правда, ќе има и доверба во институциите и економски и севкупен општествен развој."

88 Видете Интервју, Никола Тупанчески: Најдобро е новиот Изборен законик да биде донесен шест месеци пред избори, 13.12.2022: „Во рамките на моите надлежности, спроведувањето на системските реформи и владеење на правото се поставени високо на мојата агенда, а со тоа и обезбедување на оптимални услови за правилно функционирање на правосудниот систем."

89 Видете Тупанчески - Бомгартнер: Владеењето на правото и спроведувањето демократски принципи клучни на реформскиот пат, МИА, 23.02.2022.

90 Видете Конференција за пристапување кон Европската Унија - Северна Македонија - министерски состанок на меѓувладината конференција за завршување на отворањето на преговорите за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија општ став на ЕУ, vlada.mk: „Унијата очекува Северна Македонија да работи на целосно почитување на овие критериуми и услови, да покаже цврста политичка посветеност и да осигури целосно спроведување на клучните реформи и законодавство, особено во фундаменталните области на владеењето на правото, посебно реформата на правосудството и борбата против корупцијата и организираниот криминал, фундаменталните права, зајакнувањето на демократските институции и реформата на јавната администрација, како и економските критериуми."

91 Видете, на пример, Маричиќ: Северна Македонија има постигнато огромен напредок во последните години во владеењето на правото, Нетпрес, 26.09.2022 и кластер наслови.

92 Видете Маричиќ: Реформите се многу повеќе од нови ЕУ закони, тоа се промени во функционирањето на институциите, Сител, 26.09.2022: „Знаеме и имаме искуство за тоа колку е важно владеењето на правото, како и тоа да имаме независни и ефикасни институции кои го гарантираат истото, рече Маричиќ. Како што соопшти СЕП, вицепремиерот и главен преговарач Маричиќ на состанокот истакна дека Северна Македонија има постигнато огромен напредок во последните години, особено во однос на владеењето на правото и враќањето на демократијата со градење силни и функционални институции кои работат на принципите на отчетност, транспарентност и инклузивност, со што успешно одговорила на назадувањето кое е нотирано и во последниот Извештај на Европската комисија."

93 Видете, на пример, Маричиќ: Судските реформи се клучни за забрзување на евроинтеграциите, Макфакс, 27.09.2022 и МАРИЧИЌ: Јас како екс министер за правда и преговарачкиот тим, си го знаеме предизвикот за владеење на правото кај нас по ЕУ-стандарди, Денешен, 27.09.2022 (и кластер наслови на time.mk).

94 Видете, на пример, Институтот ЕПИ за Извештајот на ЕК: Нова призма, стари болки, МКД, 14.10.2022: „За демократските институции, клучно е дека Северна

Македонија продолжува со напорите за јакнење на демократијата и владеењето на правото, „и покрај одредени предизвици“. Повторена е минатогодишната оценка дека државата покажала „заложба да испорача резултати“ во клучните области на кластерот Темели. Оваа година извештајот дава оценка за напредокот во изборните реформи и го квалификува како ограничен. Речникот кој ЕК го користи во однос на Собранието е построг од минатата година. За разлика од минатогодишниот извештај, кога беше пофалено функционирањето на Собранието и покрај политичката поларизација, оваа година истото е во голема мера предмет на критика.“

95 Видете Николоски: Европската унија констатира широко распространета корупција и нефункционален систем на владеење на правото, Курир, 14.10.2022: „Николоски, потенцираше дека Европската унија констатира широко распространета корупција и нефункционален систем на владеење на правото во Македонија, односно како што рече тој дури и во презентацијата на комесарот за проширување Вархеј, Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент било потенцирано дека недостасува сериозен и системски ангажман во борбата со организираниот криминал и корупција.“

96 Видете, на пример, Маричиќ: ЕК потврди зајакната демократија и владеење на правото, Centar, 13.10.2022: „Во делот на политички критериуми, Комисијата потврдува дека Северна Македонија продолжи со напорите за зајакнување на демократијата и владеењето на правото, и покрај некои предизвици. Локалните избори во 2021 година се оценети како конкурентни и со почитување на основните слободи, но ни останува обврската за сеопфатна ревизија на изборното законодавство согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР во инклузивен и транспарентен процес. Во однос на Собранието, имаме јасна критика за доцнење при носењето на законите, за што причина се блокадите од страна на опозицијата. Се нагласува потребата Собранието да биде форум за конструктивен политички дијалог, особено за ЕУ реформската агенда и заедно со Владата да работат на планирање на законодавната агенда, со приоритет на уставните измени.“

97 Видете Маричиќ: Македонија сè уште стои најдобро во регионот за „Фундаментални вредности“, Канал 5, 14.10.2022: „Во однос на демократските институции, Извештајот ја нотира „заложбата на државата да испорача резултати“ и очигледните напори за јакнење на демократијата и владеењето на правото.“

98 Видете, на пример, Гир – Адеми: Врховниот суд за првпат е оценет позитивно, МКД, 13.10.2022: Беса Адеми: „Посебно ни значи што во Извештајот првпат се нотирани како позитивни активностите на Врховниот суд во поглед на напорите за подобрување на конзистентноста во пресудите и усогласување на судската практика, донесувањето на новиот Деловник за работа, усвојувањето на начелните правни мислења, ставови и заклучоци кои редовно се објавуваат на веб страницата на судот, како и за потпишувањето на Декларацијата за отворено судство, која треба да помогне да се подобри транспарентноста и довербата на јавноста во судството”.

99 Видете, на пример, Маричиќ: „Право, слобода и безбедност“ е поглавје кое ја носи суштинската промена на македонското општество, Press24, 21.11.2022. Видете и Маричиќ убеден дека можеме да ги исполниме барањата за владеење на правото, Независен, 02.12.2022.

100 Видете, на пример, Судската реформа и нејзиното спроведување ќе бидат пресудни во преговорите со ЕУ, вели Маричиќ, 360степени, 02.12.2022.

101 Штајнмајер: Се наоѓате пред важна одлука за продолжување на европскиот пат, Сител, 29.11.2022: „Северна Македонија се наоѓа пред една важна одлука дали преку претстојната промена на Уставот ќе го трасира патот за отворање на поглавјата во поединечни области, како на пример економската политика или владеењето на правото."

102 Видете, на пример, Маричиќ: Одговорноста за избор на обвинителот е сега на обвинителите, сами си го бираа, ТВ21, 29.11.2022. Видете и Оваа Влада се бори да имаме независно судство, вели Маричиќ, ТВ21, 29.11.2022.

103 Ковачевски: Судот да ги објасни одлуките за „Таргет-Тврдина", Нетпрес, 18.12.2022.

104 Маричиќ: Имаме многу прашања од ЕУ за реформите во јавната администрација и борбата против корупцијата, ТВ21, 29.11.2022: „...механизмите за ефикасно владеење на правото и борба против корупцијата се секогаш отворена тема на кои што добиваме прашања и таму не ги интересира само легислативата, таму ги интересира и статистички податоци за случаите кои се отворени...".

105 Видете, на пример, Ковачевски од Гостивар: ЕУ носи подобар животен стандард и владеење на правото, Centar, 15.11.2022: „Одлуката да тргнеме по европскиот пат ја донесовме не заради членство во ЕУ само по себе, туку заради подобар животен стандард, владеење на право, подобра инфраструктура, подобри услуги, побогата држава, со два збора кажано – подобра иднина". Видете и Џафери: Да демонстрираме како демократијата, еднаквоста и владеењето на правото прават разлика во животот на луѓето, Локално, 29.11.2022.

106 Видете Тилев за МИА: Со билатералниот скрининг треба да докажеме дека не само што го усогласуваме законодавството, туку и го имплементираме, МИА, 11.11.2022.

107 Видете: Ако годинава не ги завршиме уставните измени, Албанија сама ќе напредува кон ЕУ, вели Маричиќ, 360степени, 9.01.2023: „Очекуваме во наредниот период, до пролет, да ги завршиме трите клучни инструменти – три патокази за реформа во јавната администрација, функционирање на демократски институции и владеење на правото".

108 Видете Маричиќ: Ќе мора да ја консултираме Бугарија за акцискиот план за малцинствата, Нова Македонија, 18.01.2023: „Дополнително, во рамките на патоказот за владеење на правото, ќе треба да се направат и акциски планови за заштита на правата на малцинствата и заедниците со конкретни мерки за недискриминација, борба против говорот на омраза и право на образование. Овие мерки не се ексклузивни само за нас – додаде Маричиќ."

109 Видете Малинка Ристевска Јорданова, Патот на Македонија кон ЕУ: Дупло гола, 09.12.2022: „Патоказот за владеење на правото би требало да ги содржи „клучните реформски приоритети и да ги води пристапните преговори во овие поглавја и подготовките за исполнување на барањата за членство". Но,

тука е и прилепениот Акциски план за малцинствата/заедниците, со содржини препознатливи од бугарските барања, којшто ќе се разгледува и ќе се следи на меѓувладините конференции."

110 Видете: Ако годинава не ги завршиме уставните измени, Албанија сама ќе напредува кон ЕУ, вели Маричиќ, 360степени, 9.01.2023.

111 Видете МАРИЧИЌ: Реална е нашата визија за членство во ЕУ до 2030 година, работиме за владеење на правото и на другите патокази кон Унијата, Денешен, 18.01.2023: „За првиот кластер ќе бараме скрининг извештајот да биде доставен до нас најдоцна до крајот на наредните три месеци, до почетокот на пролетта, бидејќи тоа ќе ни помогне во подготовката на клучните три документи до нашето членство во ЕУ – патоказот за владеење на право, патоказот за реформа во јавната администрација и патоказот за функционирањето на деморкатски институции кои се услови за отварање на првиот кластер. Дополнително во рамки на патоказот за владење на правото ќе треба да подготвиме и акциски план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците со конкретни мерки за недискриминација, борба против говор на омраза и право на образование, информира Маричиќ."

112 Видете: Маричиќ: Вистинското прашање е дали сакаме да го фатиме најбрзиот воз за членство во Европската Унија, ima.mk, 03.04.2023: „Откако ние ќе изработиме определена, да речам верзија, на тој патоказ, ќе го почекаме извештајот на Европската комисија, скрининг извештајот за првиот кластер. Во тој скрининг извештај за првиот кластер ќе се содржат и забелешките или задачите за овој патоказ. Ќе треба да видиме дали ние сме ја завршиле работата и да споредиме. Дали треба нешто да се додаде или одземе, и кога ќе го завршиме тој процес, ќе бидат тие документи подготвени за формално усвојување од страна на Советот на министри на Европската Унија. Кога тие ќе бидат усвоени, и во овој, и другите два патокази, практично ние ќе ги исполниме условите за отворање на првиот кластер."

113 Видете Османи во ЕП: Многумина во Македонија не се убедени дека ќе има проширување, Независен, 26.04.2023.

114 Видете Реформите што (не) ја подобруваат ефикасноста на јавната администрација, Пина, 26.04.2023: „Во очекување на скрининг Извештајот нашата цел е да имаме работна верзија на патоказите која ќе се финализира согласно препораките од истиот," велат од МИОА."

115 Видете Маричиќ: Вистинското прашање е дали сакаме да го фатиме најбрзиот воз за членство во Европската Унија, ima.mk, 03.04.2023: „Патоказот за владеењето на правото, всушност, е оној патоказ кој што ги покрива поглавјата 23 и 24. Тоа се поглавјата за правосудство и темелни права, но и правда, слобода и безбедност. Така што, сите оние правила врзани со Шенген, но и независност на судството, ефикасност на судството, борба против корупцијата, слобода на медиумите, малцински права, правата на сите видови на малцински заедници —не само етнички, туку и сите други видови на заедници ќе бидат посебно третирани, ќе имаат посебно внимание, и ќе треба да изработиме во рамките на тој патоказ за владеење на правото, акциски план за малцински групи – така се нарекува во терминологијата на Европската Унија."

116 Видете Маричиќ: вистинското прашање е дали сакаме да го фатиме најбрзиот воз за членство во Европската унија, Бриф, 03.04.2023 и Маричиќ: Патоказите за владеење на право, демократски институции и реформа на администрацијата ќе бидат листа на задачи, Frontline, 03.04.2023.

117 Видете, на пример, Малинка Ристевска Јорданова, За правосудството и антикорупцијата – спроведување, спроведување, спроведување!, МЕТА, 27.08.2023.

118 Видете, на пример, Пратениците да си стават очила со диоптрија на „владеењето на правото“, Нова Македонија, 03.03.2023.

119 Видете Ивановска за ТВ 24: Истакнавме дека донесување на закони по скратена постапка претставува ризик од корупција, 24 Вести, 11.09.2023

120 Видете Владата „тајно“ ги утврди, Собранието експресно, со 48 гласа „за“ ги донесе измените на Кривичниот законик, 360степени, 6.09.2023 и повеќе кластери наслови на time.mk.

121 Видете, на пример, Експертите и натаму негодуваат за новиот Кривичен законик, 24 Вести, 19.09.2023: „Со менување на Кривичниот законик ќе се испрати порака дека корупцијата ќе им се исплати на оние кои ја практикуваат, рече денеска Билјана Ивановска, претседателка на Државната комисија за спречување на корупцијата“ (и кластер наслови на time.mk). Видете и Нема да има ни притвор во истрагите за корумпираните функционери, IRL, 10.10.2023.

122 Видете, на пример, Претседателката на Уставниот суд не се согласува со измените на КЗ, Телма, 08.09.2023 и кластер наслови на time.mk.

123 Видете Зибери: Владеењето на правото и почитувањето на правниот поредок – темелна вредност за организирање на државата, ima.mk, 26.09.2023: „За жал, Собранието ја занемари можноста за отворање посуштинска дискусија, бидејќи овие кривични дела, кои беа предмет на измена на Кривичниот законик, се основни за владеењето на правото и правдата, тие се основни за спречување на раната која, да не речам дека се претвора во канцер, но трендовите се дека навистина се претвора во неизлечива рана, во однос на спречувањето на организираниот криминал и корупцијата.“

124 Видете, на пример, Калајџиев за измените на КЗ: Со затворски казни како во 19. век проблемите се зголемуваат, не се решаваат, Слободен Печат, 06.09.2023; Груби: Измените во КЗ се хармонизација со европското право, Слободен Печат, 06.09.2023.

125 И Блупринт-групата бара од Пендаровски да не става потпис на указот за измените во Кривичниот законик, 360 степени, 07.09.2023.

126 Видете Постапката во која беа донесени измените на Кривичниот законик е спротивна на владеењето на правото, вели Блупринт групата, mkd.mk, 09.10.2023.

127 Видете Блупринт групата се повлекува од изработката на новиот КЗ, DW, 9.10.2023 и кластер наслови на time.mk.

128 Видете Писонеро за МИА: ЕУ е загрижена дека измените во Кривичниот законик може да влијаат врз случаите на корупција на високо ниво, Frontline, 13.09.2023: „Северна Македонија се обврза да го промовира владеењето на

правото и да се бори против неказнивоста и затоа, санкциите за корупциски активности мора да бидат ефективни, соодветни и разубедувачки, изјави за МИА портпаролката на Европската комисија задолжена за соседство, проширување и меѓународни партнерства Ана Писонеро запрашана за коментар за Измените во Кривичниот законик“.

129 Видете Гир: Моменталната ситуација со почитување на владеењето на правото во земјава е далеку од задоволителна, 24 Вести, 21.09.2023, Гир со критика за состојбата со владеењето на правото во Македонија, Телма, 21.09.2023, Гир со сериозни критики: Промените во Кривичниот законик можат да доведат до зголемување на неказнивоста, Мета, 21.09.2023 и кластер наслови на time.mk.

130 Видете Камбовски: „Измените на КЗ се упад во системот“, Алсат-М, 25.09.2023 (и кластер наслови на time.mk) и Работната група до крајот на месецов ќе подготви нов Кривичен законик - се враќа и делото „злоупотреба на службената положба“, Сител, 01.10.2023. За пречистениот текст од КЗ видете Камбовски: Во Македонија се оди во затвор со рулет, Независен, 17.10.2023.

131 Видете Владата предложи измени на Кривичниот законик со кој се намалуваат затворските казни за функционерите, VOA, 06.09.2023.

132 Видете Министерот Лога прстот го впери кон неговата заменичка дека е таа заслужна за Кривичниот законик, 24 Вести, 28.09.2023 (и кластер наслови на time.mk).

133 Видете Катерина Блажевска, Маричиќ призна: Холандија е загрижена за измените на КЗ, 26.09.2023.

134 Видете Ристовска: Повторно нема да има одговорност за незаконското прислушување во државата, што е директна последица на измените на КЗ, Сител, 17.10.2023, како и кластери вести на time.mk.

135 Видете, на пример, Кој какви очила носи при читањето на законот за амнестија, Нова Македонија, 06.10.2023: „Ако не се вратиме на патот на правото и уставноста, ние нема да добиеме бесмислено вето како што добивме од Бугарите, туку ќе добиеме едно тешко вето за владеење на правото, од кое потоа тешко дека ќе се извлечеме – додава Камбовски.“

136 Видете кластери наслови на time.mk. За изјавата на министерот за правда Лога, видете Нов закон за амнестија, нема намалување на казните за „27 април“, Телма, 13.09.2023 (и кластер наслови на time.mk). Видете и Спасовски: Цврсто стојам на ставот дека со законскиот текст за амнестија не се постигнуваат ефекти, Сител, 02.10.2023 и Мицкоски го повика Спасоски да ја напушти Владата ако е против законот за амнестија, Р.С.Европа, 03.10.2023 (и кластер наслови на time.mk).

137 Министерството за правда предлага амнестија, ВМРО-ДПМНЕ најавува блокада, Deutsche Welle, 13.09.2023 и кластер наслови на time.mk.

138 Видете кластер наслови на time.mk.

139 Шкариќ: Законодавецот со амнестијата го уништува судството, Р.С.Европа, 17.10.2023; Експертите оценуваат : Со Законот за амнестија Собранието ја игра

улогата на суд, Сител, 17.10.2023, Експерти: Со Законот за амнестија Собранието упаѓа во сферата на казнената политика, Канал5, 17.10.2023, видете и кластер на time.mk.

140 Видете, на пример, Мејер: Недостига големо парче во антикорупциската сложувалка во Северна Македонија (САД: Корупцијата во Македонија веќе не смее да цвета, Deutsche Welle, 29.09.2022: „Граѓаните на оваа земја заслужуваат институции кои работат за нив и тие заслужуваат иднина цврсто вкоренета во добро владеење и силно владеење на правото", рече Мејер на денешната завршна конференција во рамките на проектот „Следење на националните активности во борбата против корупцијата", во организација на Институтот за човекови права и Амбасадата на САД."

141 Видете заклучок во прилогот Власта и опозицијата со различни очи гледаат на извештајот од Брисел, Сител, 13.10.2022: „Справувањето со корупцијата, намалувањето на јавната администрација остануваат клучни сегменти на кои Македонија мора да работи за да очекува напредок во интеграциите".

142 „Позитивен тон" во извештајот на ЕК за Македонија, Вархеји бара да продолжи борбата со корупцијата, РСЕ, 12.10.2022.

143 ЕК: Македонија умерено подготвена во политичките критериуми, добро подготвена во економските, Телма, 12.10.2022: „Северна Македонија покажа стабилен напредок во спроведување на европските реформи, вклучително и областите како што се владеење на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал. Земјата треба да го задржи тоа и да го употреби скрининг процесот за да го искористи својот целосен потенција и да ги забрза реформите", рече Оливер Вархеи, еврокомесар за проширување на ЕУ."

144 Видете, на пример, ПОРАКА ОД ДКСК: Извештајот на ЕК да биде основа за натамошно дејствување на институциите, mkd.mk, 14.10.2022: „И Европската комисија констатира зголемена ефикасност во работењето на ДКСК, но и зголемен број на кривични пријави за предмети кои се од посебен јавен интерес, а за кои се уште чекаме постапување."

145 Николоски: Европската унија констатира широко распространета корупција и нефункционален систем на владеење на правото, Курир, 14.10.2022.

146 Ковачевски: Институциите за борба против криминалот и корупцијата да засукаат ракави и да работат на нотираното во Извештајот на ЕК, mia.mk, 14.10.2022: „Затоа ги повикувам сите институции, особено институциите коишто се во делот на владеењето на правото, што се во делот на борбата и справувањето со криминалот и корупцијата да ги засукаат ракавите и со забрзано темпо да работат на спроведување на се она што е нотирано во Извештајот."

147 Видете, на пример, Гир- Напредокот во реформите за владеење на право и борба против корупција останува разочарувачки, Р.С. Европа, 19.04.2023: Дејвид Гир: „ЕУ и нејзините земји членки инвестираа многу за поддршка на владеењето на правото и борбата против корупцијата во земјава. Навистина, сега е време Северна Македонија и нејзините институции да испорачаат понатамошни конкретни

опипливи резултати, пред се заради граѓаните, но и заради напредок на патот кон ЕУ". Видете и Гир: Државните институции треба да бидат пример во борба против корупцијата и владеењето на правото, 360степени, 19.04.2023: „Борбата против корупцијата заедно со другите елементи на јакнење на владеењето на правото е во сржта на процесот на проширување на ЕУ и бара посветеност од земјата во целост."

148 Видете Гир: Клучна и највисока важност е владеењето на правото, потрошивме милиони, очекуваме резултати, Весник, 09.01.2023 и кластер наслови на grid mk.

149 Видете и Гир- Напредокот во реформите за владеење на право и борба против корупција останува разочарувачки Р.С.Европа, 19.04.2023 и кластер наслови на time.mk.

Видете Извештај на Стејт департментот: Сериозни наводи за функционери вклучени во корупција, Мета, 21.03.2023 и кластер наслови на time.mk. Видете и Донев: Извештајот на Стејт Департментот покажа екстремна корупција и злоупотреба на владеење на правото, Република, 02.04.2023.

150 Видете, на пример, Северна Македонија во „мртва трка" со корупцијата, ДВ, 31.01.2023: „За да се обезбеди одговорност и да покаже вистинска волја за борба против корупцијата, владата мора соодветно да обезбеди ресурси и да овозможи независност на Комисијата за спречување на корупцијата (ДКСК) и на институциите одговорни за истрага на корупцијата и организираниот криминал", се наведува во извештајот во делот за Македонија."

151 Видете, на пример: Борбата против корупцијата поткопана од неефикасното правосудство, РСЕ, 31.01.2023: „Иако се бележи минимално подобрување, сепак нашата држава во 2022 година ја одбележаа големи корупциски скандали, а судството и владеењето на правото беа засенети со нови скандалозни обележја, меѓу кои и сознанието дека кандидати положиле правосуден испит без притоа да ги исполнат сите законски предвидени услови за полагање на истиот и да ги исполнат сите критериуми. Уште полошо е што овие случаи останаа без разрешница", вели претседателката на Транспаренси интернешнел Македонија Слаѓана Тасева." Видете и Тасева: Извештајот на „Транспаренси" е незначително подобрен со оглед на дводецениската заложба за борба против корупцијата, 360степени, 31.01.2023: „Сите овие случаи се само врв на ледениот брег на корупцијата и организираниот криминал, кои и натаму ја држат државата на нивото на недоволна демократија, хибридна и заробена држава. Оценките дека состојбата на недоволно справување со корупцијата или непостоење на волја за справување со корупцијата доведува до тоа да назадува демократијата и владеењето на правото повеќе од тоа што било. Единствениот документ за борба против корупцијата кај нас е Националната стратегија за борба против корупцијата која е имплементирана само со 30 проценти."

152 Видете, на пример, ВМРО-ДПМНЕ: И Стејт Департментот смета дека владата на Ковачевски и Ахмети е криминогена, МТВ 1, 23.03.2023 или ДС: Груби за предизборна корупција формира ново министерство, Фокус, 19.04.2023.

153 Индикативни се, на пример, насловите Македонија во друштво на Суринам,

Индија и Тунис, според Индексот за перцепција на корупцијата на Транспаренси, Телма, 31.01.2023 и Има корупција во власта – нема институции што ќе ја искоренат, Нова Македонија, 23.03.2023.

154 Зошто не успеваме да ја „зауздаме“ корупцијата? Одговара Зибери, ТВ21, 23.03.2023: „Ваквата состојба не може да се толерира и крајно време е да се стави точка.“ Видете и Зибери: Владеењето на правото и почитувањето на правниот поредок – темелна вредност за организирање на државата, ima.mk, 26.09.2023: „... од сите претставки упатени до нас, 30 проценти од констатациите за прекршување на човековите права и слободи резултираа со корекција на постапувањето на институциите на државната управа. А, кога ќе го споредите ова, да речеме, со извештајот на Комисијата за спречување на корупцијата, кој е само 10 проценти, може да изгледа поволно.“

155 Видете на пример, Спасовски: Корупцијата го јаде македонското општество, треба да се зајакне борбата, Локално, 20.04.2023 и Лани откриени за 50 отсто повеќе случаи на корупција во однос на 2021, изјави Спасовски, Нетпрес, 20.04.2023 и кластер наслови на grid.mk.

156 Видете, на пример, Грковска: Граѓаните бараат резултати во борбата против корупцијата, да создадеме услови за владеење на правото, МРТ, 14.12.2022: „Јас немам илузии дека корупцијата целосно ќе ја победиме, но мора веќе да имаме видливи и конкретни резултати. Мора да создадеме услови за владеење на правото, за еднаквост пред законот, за еднаквост пред институциите. Сите ние имаме обврска да ја зајакнеме довербата на граѓаните во институциите, а тоа ќе го постигнеме само ако покажеме дека со професионална, ефикасна и одговорна работа застануваме на патот на криминалот и корупцијата.“

157 Видете на пример: Грковска: Нас не ни требаат реформи на хартија, ни треба ефикасна борба против корупцијата, Канал 5, 09.12.2022: „Во повеќе наврати кажав дека нема да бидам политички коректна, особено имајќи ги предвид случувањата во правосудството. Не може некој да го руши системот од внатре, а за тоа да се нема одговорност.“ Видете и Грковска: Корупцијата е општествен проблем, сите институции мора да бидат одговорни и професионално да си ја вршат работата, ima.mk, 13.04.2023: „Значи, повторно се сведува на тоа дека, едноставно, правосудните органи мора да престанат да се солидаризираат со своите колеги, со своите колеги коишто се подложни на такви влијанија – имавме и обвинување за политички-бизнис влијанија од еден член на судскиот совет, и така натаму. Меѓутоа, сметам дека самите, за да се изборат за својата, како да кажам, вистинска улога и вистинска слика да дадат на најголемиот дел од членовите во правосудниот систем – мора да најдат механизам како самите внатре меѓу себе да се изборат и да ги санкционираат колегите коишто ставаат дамка на сите нив.“

158 Спасовски: Ако парите што ги стекнуваат криминалните структури не бидат одземени, тогаш немаме ефикасна борба против криминалот и корупцијата, ima.mk, 28.06.2023. Видете и Спасовски тврди дека корупцијата се намалила за 22%, антикорупционерите се чудат, 24 Вести, 11.08.2023 и кластери вести на time.mk.

159 Видете Ивановска отворено: Судијата кој го чувал предметот „Таргет

Тврдина“ земал пари и ги поделил, а тие што земале порачале да се унапреди во врховен судија, ТВ21, 04.05.2023.

160 Видете, на пример САД го ставија Рамиз Мерко на црна листа поради значајна корупција и мешање во судски процеси, Сакам да кажам, 21.06.2023. Видете и Антикорупциска комисија: Како предметите за Рамиз Мерко се „губеле“ во судските лавиринти, Deutsche Welle, 23.06.2023 и КОД: Зошто државните институции ги премолчаа постапките на ДКСК за Мерко?, Телма, 25.06.2023.

161 Видете кластери наслови на time.mk.

162 На пример, медиумски проби критиката на „Институтот за демократија“, Анализа: Институциите не го спречиле ризикот од корупција во случајот „Бехтел и Енка“, 24 Вести, 05.09.2023; Поповиќ: Спорни се изборот, надзорот, користењето на европското знаменце за изградбата на автопатите, 24 Вести, 05.09.2023 (видете и кластер наслови на time.mk). Видете и ВИДЕО ИНТЕРВЈУ | Ивановска: ДКСК го побара но не го доби на увид договорот со „Бехтел и Енка“, Слободен Печат, 24.04.2023, во кое претседателката на ДКСК ја критикува нетранспарентноста во врска со договорот.

163 Видете, на пример, кластери наслови на time.mk (1, 2, 3, 4, 5).

164 Видете, на пример, Тасева за ТВ 24: Треба да се расчисти кои обвинители и судии не постапувале согласно законите и несовесно или нестручно чувале на предмети во фиока, 24.mk, 05.10.2023: „Не очекувам ништо од ЈО во делот на истрагата и сите бевме разочарани од утврдување на одговорноста во неколку случаји, модуларната болница, Ласкарци, пасошите. Тоа се случаји поврзани со висока корупција.“

165 Видете (АРХИВА) Ниту една пријава на ДКСК за кривично гонење не заврши со обвинение, а камоли со пресуда!, Фокус, 23.06.2023. Слично обвинение претседателката на ДКСК даде и во 2023- Ивановска: Нема судска разрешница за ниту еден од предметите што во пет години ги покрена Антикорупциска, Глас на Америка, 28.09.2023: „Судска разрешница нема за ништо. Не само сега за овие последни пет години, туку воопшто откако постои Антикорупциска. Има само за еден предмет за „Бачило“, во 2003 година и толку. Предметите не доаѓаат до Суд, заглавуваат во Обвинителството. Не се донесуваат јавно-обвинителски одлуки. Сме направиле една анализа, дека помалку од 30 отсто од нашите препораки се применети, што е многу мал процент.“ Видете и Интервју со Ивановска: Обвинителството досега нема донесено јавна одлука по иницијативите на ДКСК и тоа повеќе од 20 години наназад, Локално, 13.10.2023.

166 ДКСК: Сите институции се запознаени со обвинувањата за корупција на Мерко, никој не реагирал, 24 Вести, 23.06.2023, видете и кластер наслови на time.mk.

167 Видете ДКСК бара одговорност од Оливер Спасовски за „Беса транс“, DW, 18.01.2023 (и кластер наслови на time.mk).

168 Видете кластер наслови на time.mk, и по поднесената тужба за клевета до ДКСК (time.mk).

169 Видете Аникорупциска: Државните канцеларии Груби ги злоупотребува за

партиски цели, Алсат-М, 05.05.2023 и кластер наслови на time.mk и за одговорот на ДКСК (time.mk) по критиките на Груби (time.mk). Видете и Антикорупциска комисија: Мета сме на оркестрирани напади, Deutsche Welle, 28.06.2023: „Квалификациите за капацитетите на Комисијата од страна на висок функционер од Владата на РСМ за кој има отворено предмет, според антикорупционерите не е ништо друго туку вршење притисок врз работата на Комисијата и оркестриран обид за дефокусирање на јавноста."

170 Видете кластер наслови на time.mk.

171 Видете кластер наслови на time.mk, по што уследи реакција на обвинителството (видете кластер наслови на time.mk).

172 Видете кластер наслови на time.mk.

173 Видете ИНТЕРВЈУ Ивановска за „Слободен печат": Високиот степен на политичко влијание во јавниот сектор е најголемиот ризичен фактор за корупција, Слободен Печат, 24.07.2023.

174 Видете, Ивановска: Спротивно на препораките од Брисел, Обвинителството ги замрзна контактите со ДКСК, Алсат-М, 07.08.2023, набргу откако ДКСК извести за „интензивирање на соработката меѓу ДКСК и Јавното обвинителство".

175 Видете Ивановска: Борбата против корупцијата не е подобрена, Р.С.Европа, 10.09.2023 (и кластер наслови на time.mk).

176 Видете Антикорупциска при крај на мандатот – Задоволни од работата, незадоволни од ефектите, Телма, 07.10.2023 и Ивановска во Топ тема: Неспроведување на националната програма и препораки до државните институции, најболни точки во работата на ДКСК, Телма, 11.10.2023 (видете и кластер наслови на time.mk).

177 Видете Само 52 отсто од мерките за реформи во правосудството се целосно реализирани, утврди ДЗР, 360 степени, 17.01.2023 и кластер наслови на time.mk.

178 Новата стратегија беше најавена уште во февруари 2022, видете Тупанчески најавува нова Стратегија за реформа во правосудниот систем 2023-2027, Академик, 10.02.2022 а беше акцентирана во годишниот брифинг за медиумите на министерот за правда кој не беше медиумски покриен. Видете и Интервју, Никола Тупанчески: Најдобро е новиот Изборен законик да биде донесен шест месеци пред избори, 13.12.2022: "Заокружувањето на процесот на реформи ќе биде со донесување на новата Стратегија за развој на правосудниот систем 2023 – 2027 и нејзиниот Акциски план каде што ќе бидат инкорпорирани сите препораки од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија, како и препораките од сите извештаи изготвени во рамките на тековните проекти од ИПА. Очекувам до крајот на годината да имаме нацрт верзија каде што ќе се дефинираат целите за наредниот период, временската рамка од аспект на краткорочно, среднорочно и долгорочно планирање на активностите и финансискиот апсект во делот на јакнење на капацитетите на инситуциите. Нацрт Стратегијата ќе биде проследена и до Европската Комисија на мислење."

179 Видете, како исклучок, Дигитализација на правосудството: Опрема има, но не и кадри, Независен, 03.01.2023: „На прашањето до каде е подготовката на новата Стратегија за периодот 2023-2027 година и што ќе опфаќа таа, оттаму истакнуваат дека првата драфт верзија е изготвена и ќе биде проследена до надлежните институции и Европската комисија на мислење, а откако ќе се добие мислењето, ќе се проследи до Владата на усвојување." Видете и Нема прочистување на судството без кадри и критериуми, Слободен печат, 2023: „Проблематична е и самата најава за некаква нова стратегија од Владата, која се наоѓа во година пред избори. Ова е коментарот на професорот по Казнено-процесно право на Правниот факултет „Јустинијана Прима" при УКИМ, д-р Гордан Калајџиев, во врска со најавената стратегија за реформи во правосудниот сектор во периодот 2023-2027."

180 Видете, на пример, Средба на министерот за правда Кренар Лога со евроамбасадорот Дејвид Гир, МИА, 7.03.2023: „Министерот за правда Кренар Лога денеска оствари средба со шефот на делегацијата на ЕУ во земјава, Дејвид Гир, на која стана збор за планираните реформи во судството, заштита на човековите права, скринингот, евроинтеграциските процеси, Стратегијата за реформи во правосудството 2023-2027, изборната реформа, имплементација на препораките на ОБСЕ/ОДИХР, борбата против криминалот и корупцијата."

181 Изготвена стратегијата за реформа односно развој на правосудството 2023-2027, tv24.mk, 23.04.2023.

182 Видете, на пример, повеќе кластери со вести на time.mk.

183 Видете, на пример, Блупринт група: Не постои правен основ за разрешување на претседателката на Судскиот совет, А1он, 27.04.2023 и Блупринт група: Судски совет работи незаконски и нетранспарентно и ќе остави црна дамка врз правосудството, Телма, 05.05.2023.

184 Видете, на пример, ДКСК: Очекуваме вклученост и реакција од релевантните државни субјекти за разрешувањето на претседателка на Судскиот совет, Сител, 27.04.2023, каде што антикорупционерите изразуваат „сериозна загриженост за случувањата во Судскиот совет." Видете и Ивановска: Ова што се случува во Судскиот совет ми личи на страшна трговија со влијание, ТВ21, 04.05.2023.

185 Видете Случувањата во судскиот совет не се во правец на исполнување на стандардите на ЕУ, вели евроамбасадорот Гир, СДК, 28.04.2023: ,,Почитување на владеење на правото е фундаментално и суштествено прашање за евроинтегративниот пат на Вашата земја. Тоа вклучува развој на независно и професионално судство и јавно обвинителство кое што ги вклучува највисоките стандарди на нивниот интегритет. Последните недели и месеци сме виделе случувања кои што не одат во правец кој што ние во ЕУ ги очекуваме да одат во правец на исполнување на стандардите потребни на евроинтегративниот пат на Вашата земја".

